**Универзитет на Југоисточна Европа**

**Правен факултет – Тетово**

]

***Улогата на бранителот во кривичната постапка кон малолетник***

*- Магистерски труд -*

Ментор: Кандидат:

Проф. д-р Беса Арифи Селма Абдуловска

Тетово, 2018

# Содржина


ВОВЕД ..... 2

Научна и општествена важност на трудот ..... 4

I ДЕЛ: ТЕОРЕТСКИ ПЕРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 6

1. Глава: КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ИМПЛЕМЕТНАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ..... 6

1.1. Категории малолетници со ризик фактори ..... 9

1.2. Старосни граници за преземање кривична одговорнот ..... 11

1.3. Целите на правосудството за малолетничка деликвенција ..... 12

2. ГЛАВА: МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИЦИ И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА ..... 13

2.1. Ресторативна малолетничка правда ..... 16

2.1.1. Елементи на ресторативната правда ..... 17

3. Глава: ДИВЕРЗИОНО ПОСТАПУВАЊЕ КОН МАЛОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ..... 19

3.1. Меѓународни документи ..... 19

3.2. Компаративно право ..... 21

4. Глава: ПОЛОЖБА НА БРАНИТЕЛОТ НА МАЛОЛЕТНИЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ..... 24

4.1. Улога на бранителот како помошник на обвинетиот ..... 25

4.2. Улогата на бранителот како помош (потпора) на обвинетиот ..... 25

4.3. Активностите на полицијата, истрагата за извршените дела и претсудски притвор ..... 26

4.3.1. Улога на бранителот на малолетници во текот на активностите на полицијата, истрагата за извршените дела и претсудски притвор ..... 28

4.4. Судење на малолетни лица ..... 32

4.4.1. Подготвителна постапка ..... 33

4.4.2. Скратена постапка ..... 34

4.4.3. Главен „претрес“ ..... 35

4.4.4. Улога на бранителот при правно застапување и помош во текот на судскиот процес ..... 36

5. Глава: УЛОГА НА БРАНИТЕЛОТ НА МАЛОЛЕТНИЦИ ПРИ ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СЛУЧАИ ..... 37

5.1. Улога на бранителот на малолетници во текот на постапката за посредување пред ЦСР ..... 38

5.2. Улога на бранителот на малолетници во постапка за посредување и порамнување ..... 41

**II ДЕЛ: МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**......................................................................... 42

**1. Глава: СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО** ............................. 42

**2. Глава: ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОЈАВАТА, ПРОБЛЕМОТ И ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ........... 47

**3. Глава: ХИПОТЕЗИ** ......................................................................................................... 48

**4. Глава: Методи и техники на работа** ............................................................................. 49

**III ДЕЛ – ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ** .................................................................................. 50

**1. Глава: КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ............................ 50

**2. Глава: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** .............................. 57

**ЗАКЛУЧОК** ........................................................................................................................ 63

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**..................................................................................................67

**ПРИЛОГ**...............................................................................................................................69

# ВОВЕД

Демократската постапка на современиот свет поаѓа од хуманистичката идеја, која според Општата декларација за правата на човекот подразбира секој обвинет да биде третиран како субјект кој „има наполно еднакво право на правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд што ќе одлучи за неговите права и обврски за основаноста на секое кривично обвинение против него“ и да му се постават принципите на еден процес што се нарекува „праведен“ (fair trial).

Посебно осетлива проблематика се појавува во оној момент каде како обвинет се појавува малолетно лице. Според член 2 од Светската декларација за опстанок, заштита и развој на децата, „децата во светот се невини, ранливи и зависни. Тие, исто така, се љубопитни, активни и полни со надеж. Нивното време треба да биде исполнето со радост и мир, со учење и израснување. Нивната иднина треба да се гради во слога и соработка. Со ширењето на видици и со здобивање на нови искуства, нивните животи треба да созреваат.

Меѓутоа, извештаите на Детскиот фонд на Обединетите нации говорат дека практичната имплементација во националните законодавства на највисоките меѓународни правни акти недоволно е вткаена во националните системи и е недоволно ефикасно применета во заштита на децата во светот. Во Извештајот на УНИЦЕФ од 2005 година се предупредува за положбата на децата во светот на „детство во опасност“ на половина од децата во светот. Поради таквата опасност се појавуваат девијации во однесувањето на децата и младите, малолетничка деликвенција и малолетнички криминалитет.

Организацијата на обединетите нации прави континуирани напори за спречување на тешките и груби форми на загрозување на правата на детето од современите зла на денешницата и за отстанување на причините за сите форми на нивно дестуктивно однесување.

Еволуцијата на меѓународната правна регулатива во областа на заштитата на правата на децата своите почетоци ги бележи во далечната 1924 година, со донесувањето

на Декларацијата за правата на детето – Повелбата за доброто на децата позната уште како Женевска декларација. „Детето деликвент мора да се спаси“ е одредбата од овој документ со која се истакнува потребата од посебен третман, грижа и помош на детето кое ја преминало границата на правните и воопшто општествените норми и правила на однесување. Во современите услови, одредбата е преточена во барање за систем на малолетничка правда (право на малолетничко судство – права на децата во судир со законот, чл. 40 од Конвенцијата и чл. 2.3 од Пекиншките правила), како интегрален дел од основните загарантирани социо-економски, културни, право на слобода и недискриминација и хуманитарни права содржани и во најновиот најважен и најсуштествен меѓународен акт – Конвенцијата за правата на детето.

Денес, врз основа на современите научни сознанија од областа на криминологијата, кривично-правните науки, и педагошко-психолошките науки за малолетниците и нивниот третман се оди во насока да се конституира посебно малолетничко казнено право. Со тоа се унапредува односот на државата и општеството спрема категоријата малолетници и помлади полнолетници. Со конституирањето на малолетничкото казнено право престанува малолетникот да се третитра како „мал човек“, односно „мал човек криминалец“ туку како малолетник на кого треба да му се пружи посебна индивидуална и општа општествена заштита.

Со започнување на процесот на евроинтеграција во Република Македонија, започнаа реформи во правниот систем. Како интегрален дел на тие реформи претставуваше донесувањето на Законот за малолетничка правда. Новиот модел на малолетничка правда подразбира извлекување на малолетниците од материјало-правниот и процесно – правнот третман на возрасните сторители на кривични дела.

Токму затоа новиот модел на малолетничка правда подразбира постоење на ресторативна правда. Оттука, предметот на ова истражување е насочен кон начинот на кој треба да се постапи со малолетниците кои сториле кривични дела и улогата која ја има бранителот во процесот на судење.

Основната цел на ова истражување е да прикаже како законодавецот ја има нормирано материјата околу посебната заштита на малолетните лица во Законот за

малолетничка правда и да ја прикаже улогата на бранителот во кривичната постапка кон мелолетниците.

## Научна и општествена важност на трудот

Со започнување на процесот на евроинтеграција во Република Македонија, започнаа реформи во правниот систем. Како интегрален дел на тие реформи претставуваше донесувањето на Законот за малолетничка правда. Новиот модел на малолетничка правда подразбира извлекување на малолетниците од материјало-правниот и процесно – правнот третман на возрасните сторители на кривични дела.

За успешна примена на овој модел во практиката неопходна е соодветна подготовка на институциите надлежни за постапување со мелолетните сторители на кривични дела. Посебна подготовка треба да поседуваат бранителите на малолетниците, па истите треба еднаш годишно да посетуваат специјализирани обуки во земјава и сранство.

Бранителите на малолетните сторители на кривични дела се оние кои инсистираат на примена на ресторативна, наместо на ретрибутивна правда. Важноста на овој труд се гледа токму во улогата на бранителот на малолените сторители на кривични дела во поглед на ресторативната правда. Тоа ги опфаќа неформалните облици на помош и заштита како и постапката за медијација. Исто така, важноста на трудот се гледа и во улогата на бранителот на малолетни сторители на кривични дела, во учеството во разговорот со центарот за социјлна работа.

Улогата на бранителот-адвокат се гледа и во можноста за примена на воспитни мерки, при што кривичната постапка спрема малолетникот нема да се покрене или ќе се запре, а со тоа да се влијае на правилниот развој на малолетникот и јакнење на неговата лична одговорност во иднина да не прави кривични дела.

Улогата на адвокатот е активно да ги штити интересите на детето односно малолетникот во текот на постапката пред ЦСР и изготвување навремено и правилно

структурирано правно мислење. Поаѓајќи од суштината на улогата што адвокатот ја има во постапката пред ЦСР, се чини дека правното мислење мора да ги содржи следниве елементи: осврт врз известувањето - врз фактите содржани во него како опис на настанот за кој се води постапката, и осврт врз постапката што се спровела пред ЦСР.

Успешната соработка помеѓу Центарот за социјална работа и бранителите често резултира со успешно посредување во обештетување на оштетениот. Според Законот не се предвидува обештетување на оштетениот, туку се нуди само можност. Ваквото решение укажува на грижата на законодавецот за оштетениот и во случаи кога не се води судска постапка.

Со цел за успешна и правилна примена на ЗМП, полицијата мора да го менува начинот на постапување и во случај кога постојат докази дека е сторено кривично дело казниво со парична казна или затвор до три години, а станува збор за дете односно помлад или постар малолетник ќе мора едновремено со кривичната пријава до јавниот обвинител да поднесува и известување до ЦСР, бидејќи во духот на ЗМП, возраста е причина стореното полесно кривично дело да има статус на „ризик фактор“. Улогата на бранителот во текот на информативниот разговорот во полиција е од големо значење за понатамошната постапка со малолетникот.

Научната важноста на трудот се гледа во улогата на бранителот во ресторативната правда, каде кривичното дело кое го извршил малолетникот се третира како конфликт настанат помеѓу сторителот и жртвата и одбраната има за цел да ги врати нештата, колку што е тоа можно во првобитната состојба, и да ги задоволи потребите и интересите на жртвата, сторителот и на заедницата, а во крајна линија од нејзината примена полза да има и правосудниот систем во целина.

# I ДЕЛ: ТЕОРЕТСКИ ПРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Глава: КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ИМПЛЕМЕТНАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Универзалната декларација за човековите права усвоена со Резолуција бр. 217 А (III) на Генералното собрание на ООН на 10 декември 1948 година, ги прокламира основните права на слобода, еднаквост и достоинство на сите човечки суштества, кои со разум и совест, во духот на општо човековата принадност треба да се однесуваат меѓу себе, без разлика на расата и бојата, полот, јазикот, религијата, политичко или друго убедување, националното потекло, социјалниот статус или други разлики.

Правата на детето вградени во другите меѓународни документи на ООН се консеквенција на универзалните човекови права, издвоени и нагласени бидејќи треба да претставуваат специфични права на субјекти на кои им е потребна најголема заштита, како најмлада, физички најслаба и најнезаштитена популација од населението на светот.

Покрај Универзалната (Општата) декларадија за правата на човекот, Конвенцијата за правата на детето се темели и на Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (посебно чл.23 и чл.24), Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права (носебно чл.10) и во статутите и соодветните инструменти на специјализираните агендии и на мерународните организации кои се занимаваат со заштита на децата.

Конвенцијата за правата на детето, усвоена на Собранието на Обединетите нации на 20 ноември 1989 година, а која стаии во сила наредната 1990 година е најопштиот меѓународен правен акт со кој се дадени насоките на останатитете меѓународни документи во областа на благосостојбата и заштитата на децата. Секое дете има право неговите најдобри интереси да бидат од примарна важност во сите одлуки што го засегаат, вклучувајќи го правото на заштита од секоја форма на непријатност, злоупотреба или запоставување. Конвенцијата за правата на детето во членот 3 го прокламира овој

принцип на најдобрите интереси на детето, давајќи му важност на стожерно начело кое треба да биде имплементирано во сите документи и инструменти кои ги засегаат децата[1].

Во таа смисла, сите активности што се однесуваат на децата, интересите на детето, се од примарно значење, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела.

Според Конвенцијата предвидени се следниве забрани за изложување дете на мачење или други свирепи, нечовечки или понижувачки постапки или казнувања; за забранетоста на примената на смртната казна и доживотна робија без можност за пуштање на слобода за казнени дела што ги сториле лица помлади од осумнаесет години[2], како и забрана за незаконско или самоволно лишување од слобода на дете; аисењето, притворот или затворот за дете мораат да бидат во согласност со законот и да се користат само како последна можна мерка и во што покус временски период[3]; Конвенцијата пропишува посебен третман на детето лишено од слобода, со уважување на потребите што произлегуваат од возраста на детето. Секое дете лишено од слобода се одвојува од возрасните во затворот, освен ако не се заклучи дека можеби е од интерес за детето да биде во контакт со возрасните. Гарантирано е правото на итна правна и друга соодветна помош на детето лишено од слобода, како и право на поставување пред судот или друг надлежен орган на прашањето за законитоста од лишувањето од слобода и на итна одлука за решавање на тоа прашање[4].

Исто така, според член 40 став 1 од Конвенцијата се пропишува  со секое дете, кое е обвинето или за кое е утвдено дека го прекршило казнениот закон, треба да се постапува на начин кој е во согласност со почитувањето и поттикнувањето на неговото достоинство и вредност, со што кај него се развива свеста за почитување на правата на човекот и основните слободи на другите. Притоа, треба да се земе предвид возраста на обвинетото дете, кое само по себе го наметнува начинот на однесување кон него со цел

[1] Член 3 од Конвенцијата за правата на детето
[2] Член 37-а од Конвенцијата за правата на детето
[3] Член 37-б од Конвенцијата за правата на детето
[4] Член 37-г од Конвенцијата за правата на детето

да се оствари неговата реинтеграција и конструктивна улога во општеството. За таа цел, повикувајќи се и на соодветните одредби на другите меѓународни инструменти, Конвенцијата, според член 40 став 2, им наложува обврска на државите-членки изречно да ја предвидат следнава гаранција: ниту едно дете неосновано да не се обвинува или да не се утврдува дека го прекршило казнениот закон поради дело или пропуст што не биле забранети со националните или меѓународните закони во времето кога се направени.

Значајна е и одредбата за моделот на санкции (чл. 40): за да се обезбеди постапување со децата на начин кој е во нивен интерес и кој е соодветен на околностите и на стореното дело, во националните законодавства треба да се предвидат разновисни можности како што се: грижата, советувањето, надзорот, правното застапување, условното казнување, прифаќањето, образованието и програмите за стручно насочување и други можности за институционална грижа.

Конвенцијата, во чл. 40, ги повикува државите-потписнички во усвојувањето закони и востановувањето органи и установи што постапуваат со малолетници да ја утврдат најниската возраст од која децата не ќе можат да бидат сметани за способни за кршење на казнениот закон и да предвидат мерки за постапување со такви деца секогаш кога е тоа можно и пожелно без прибегнување кон судска постапка, со целосно почитување на нивните права и нивна законска заштита. Оваа одредба во нашето законодавство е имплементирана на начин што одговара на нејзината смисла. Одредбата во КЗМ за исклучување казненоправни санкции кон деца[5], имено, ни оддалеку не го задоволуваше барањето за утврдување на најниската возраст и за преземање мерки без прибегнување кон судска постапка. Таа само определува дека на малолетник кој во времето на извршувањето на кривичното дело не наполнил четиринаесет години (дете) не може да се применат казненоправни санкции. Затоа, во 2004/2005 година без превземени мерки за спроведување реформи, а во склоп на тие реформи беше опфатен проектот „Емпириска анализа на проблемите на децата во ризик и евалуација на постоечките заштитни фактори", каде мултидисциплинарен тим составен од домашни експерти реализираа истражување на состојбата со ефикасноста на мерките што се

[5] Член 71 од Кривичниот законик на Република Македонија

преземаат кон децата во ризик. Резултатите добиени од ова истражување придонесоа за кодификација на малолетничкото казнено право и донесување нов Закон за малолетничка правда, кој беше усвоен на седница на Собранието на Р.Македонија на 4 јули 2007, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 87 од 12-ти јули 2007 година). Во овој Закон со член 12, во делот на дефиниции, детално се појаснува најниската возраст од која децата не ќе можат да бидат сметани за способни за кршење на казнениот закон, и според поимното определување на поимот малолетник во ризик, долната возрасна граница е лимитирана на 7 години, а постапката проширена со повеќе вонсудски постапки на органите за социјална работа, на медијаторите, на советите за превенција на малолетничката деликвенција на државно ниво и на ниво на локалната самоуправа итн, со што првото подрачје на новото малолетничко казнено законодавство се стави во функција на терминолошко и суштинско нормативно прецизирање на нови механизми во спречувањето и во отстранувањето на малолетничката деликвенција.

## 1.1. Категории малолетници со ризик фактори

За појавата на девијантното однесување кај децата и младите, многу е деликатно да се говори, и пред тоа би требало да се запрашаме не за последиците, туку за причините за овој значаен општествен проблем поради кој кај малолетниците доаѓа до пореметување на општественото однесување и зошто тие имаат желба и потреба да ги кршат општествено прифатените норми на однесување? Тие тоа најчесто го прават да го изразат револтот спрема постоечката состојба во општеството и несогласувањето со наметнатите начини на однесување, но неприликите и проблемите продолжуваат кога тоа го прават непромислено, затоа што кога креативноста и побуната против авторитетот ќе настапат место деструкција не можеме повеќе да говориме за субкултура или контра култура како побуна против конформизмот[6].

[6] Дамовски, А., 2011, Причини за малолетничка деликвенција, Дипломска работа, Универзитет “СВ. Кирил и Методиј” Филозофски факултет-Скопје, Институт за социјална работа и социјала политика

Во Република Македонија се јасно видливи некои трендови поврзани за малолетничката деликвенција. Тие трендови вклучуваат се поголем број малолетници вклучени во извршувањето кривични дела и здружување на малолетниците во организирани групи на сторители на кривични дела. Но, како ја одредуваме основната категоризација на малолетничката деликвенција?

Според Алексоски, основна категорија врз која ја одредуваме малолетничката деликвенција е малолетноста, односно возраста на малолетните лица што ја определува како нивната личност, така и нивното однесување во правец на прекршување на правните и моралните норми, што во крајна линија го одредува и ставот на општеството кон нив[7].

Субјектите спрема кои може да се преземе постапката за примена на мерки на помош и заштита - од кривично неодговорни деца во ризик (на возраст до 14 години), па се до постари малолетници во ризик кои се кривично одговорни и на кои, во определени случаи, законот предвидува дека може да им се изречат дури и казни.

Во однос на кривично одговорните малолетници пресудна е процената на ризикот кој довел до несаканото однесување на малолетникот, но тој сепак дозволува општествена наместо казнена реакција за негово неутрализирање и надминување на причините кои довеле до несаканото однесување.

Законот прифатил двоен приод при определување на основите кои може да се оценат како „ризик фактори“[8]:

а) првично под ризик (во зависност од возраста) се подразбира дејствие кое ги содржи сите законски обележја на кривично дело за кое (освен во однос на децата во ризик) во Кривичниот законик е предвидена парична казна или казна затвор до три години. Всушност, станува збор за најлесните облици на кривични дела кои се подведуваат под „дејствие во ризик“ со оглед на возраста на детето кое го презело дејствието и чиешто преземање не води кон активирање на формалниот кривично-правен

---

[7] Алексоски, С., 1997, Криминална психологија: (психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип

[8] Лажетиќ-Бужаровска Г., Мишевска-Пејовиќ С., Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничка правда, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, во Зборник на трудови Малоленичка правда – Ресторативна правда, стр. 145

систем туку овозможува активирање на постапката за мерки на помош и заштита како диверзионен метод кој има повеќекратни позитивни ефекти во однос на детето; и

б) социо-патолошки појави и однесување кое се смета дека е во „допир со законот“ и многу лесно може да биде причина за криминално однесување, односно за „судир со законот“.

## 1.2. Старосни граници за преземање кривична одговорност

Во однос на категориите малолетници спрема кои може да се применат мерките, законот е дециден. Имено, овие мерки може да се применат спрема следниве категории деца односно малолетници во ризик[9]:

- дете во ризик (7-14 годишна возраст), кое извршило дејствие што со закон е определено како кривично дело или прекршок без да се определи тежината на санкцијата која е пропишана за тоа кривично дело, односно зависник од употреба на droги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на питање, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- помлад мололетник во ризик (14-16 годишна возраст), од истите причини како кај детето во ризик со таа разлика што е определена тежината на кривичното дело во под кое може да се супсумира стореното дејствие - да е предвидена парична казна или затвор до три години,
- постар малолетник во ризик (16-18 годишна возраст), од истите причини како кај помлад малолетник во ризик.

[9] Лажетиќ-Бужаровска Г., Мишевска-Пејовиќ С., Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничка правда, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, во Зборник на трудови Малоленичка правда – Ресторативна правда, 144

## 1.3. Целите на правосудството за малолетничка деликвенција

Концептот на „правда за деца“ ги опфаќа децата што дошле во судир со законот (односно деца што биле посочени, обвинети или препознаени како прекршители на кривичниот закон), децата што се нашле во улога на жртви или сведоци на криминал, како и децата во ризик од вклучување во кривично-правниот систем (дали поради социјалната положба или бидејќи направиле дело што би се сметало за криминал доколку би биле на возраст на кривична одговорност). Денешниот концепт кој се заснива на ресторативна правда „внесе нов живот во стариот концепт на неформалната правда“ и се смета за едно од најзначајните достигнувања на современиот кривично-правен систем и криминалната политика.

Примената на ресторативната правда денес ја сугерираат бројни меѓународни инструменти, кои се однесуваат на вклучување на сите заинтересирани страни – жртвата, сторителот и членовите на локалната заедница во решавање на ситуациите настанати со извршување на кривичните дела и изнаоѓање соодветни решенија, како што се посредување, помирување, расправи и кругови на казнување. Ресторативните цели подразбираат постигнување на спогодба како резултат на ресторативниот процес[10].

Единствениот гарантиран начин за спрелување на повторништвото – прашање кое има огромно значење во сите системи – е прво да се постигне сторителот да сфати зошто неговите постапки се лоши, а потоа да се потврди во најголема можна мера дека сторителот е способен да ја преземе одговорноста за своите постапки[11].

[10] Ćopić, S., Pojam i osnovni principi restorativne pravde, vo Restorativna pravda i prava žrtava, Maj 2007, str 25-35
[11] Winter, R., Restorative juvenile justice – the challenges – the rewards, on line available: https://www.unicef.org/tdad/1renatewinter.pdf

## 2. ГЛАВА: МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИЦИ И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за правото на детето и со тоа презеде обврска да се грижи за нејзино остварување, односно да ги штити правата на децата и да ја унапредува нивната состојба. Меѓутоа, тоа не е обврска само на државата, тоа е обврска на поединците, кои низ секојдневните постапки може да покажат дека ги признаваат и почитуваат правата што децата ги имаат.

Затоа, Законот за малолетничка правда, за сите категории малолетници предвидува посебна постапка низ која се применуваат мерки на помош и заштата спрема малолетникот и неговото семејство. Тоа се мерки определени со законите од областа на образованието, здравството, социјалната, семејната и други облици на заштита. Мерките ги спроведуваат центрите за социјални работи. Постапката за утврдување на претпоставките за определување на мерки на помош и заштита, врз основа на правно мислење од адвокат кој ги застапува интересите на малолетникот, подготовката на програми од стручен тим на центарот и нивното спроведување е уредена на начин, кој го обезбедува остварувањето на основните начела врз кои е втемелен Законот за малолетничка правда.

Според Законот, водењето на постапката и изрекувањето на казнени мерки е можно само од страна на суд надлежен за малолетници. Улогата на судијата за малолетници е ограничена и на донесување одлука за натамошно постапување кога за правното мислење на адвокатот кој ги застапува интересите на малолетникот не е постигната согласност со стручниот тим на центарот[12].

Водечка идеја на системот на малолетничка правда во Република Македонија е идејата на воспитување, поправање и помош на малолетникот. Но, системот, исто така пропишува и санкции, кои се инспирирани од водечката идеја на ресторативна правда. Така, моделот на вина за стореното дело и на казна како спроведливо решение кој се применува кај возрасните – модел на ретрибутивна правда, во системот на

[12] Член 20 од Закон за малолетничка правда

малолетничката правда е заменет со воспитно-социјално-превентивен модел на ресторативна правда[13].

Целта на ресторативната правда е да се редизајнира малолетничкиот правосуден систем во насока да одговори на потребите на младите лица. Тоа редизајнирање опфаќа вклученост на повеќе субјекти, а со цел да се остварат овие високи цели е потребно[14]:

1. Изработка на превентивни програми од страна на образовните институции- Училиштата треба да преземат определени активности за работа со ризичните групи млади луѓе.
2. Редефинирање на улогата на вработените во училиштата врз основа на новата задача- Педагозите во училиштата треба да поминат обука од страна на општинските совети за превенција кои треба да се формираат, а подоцна и да ја остваруваат улогата на ефикасен линк меѓу тимовите и наставничкиот кадар.
3. Подигнување на мерките за побезбедни училишта- За оваа цел полицијата и училиштата треба да соработуваат во насока на:

- Редуцирање на виктимизацијата, криминалот и антисоцијалното однесување во училиштето и во заедницата.
- Подобрување на однесувањето на учениците во училиштата и зголемување на нивното внимание.
- Работа со децата за кои постои ризик од асоцијално однесување.
- Обезбедување целодневно образование за деликвентните деца.
- Поддршка на ранливите деца да ја пребродат критичната транзиција.
- Обезбедување безбедна околина за учење.

Училиштата, исто така, треба да ги имплементираат следниве вредности:

- Зголемување на туторските активности за учениците.
- Брз одговор на девијантното однесување.
- Поголема вклученост на локалната заедница во училишните активности.
- Почитување на училишната етика за почитување, интегрирање и недискриминација.

[13] Камбовски, В., 2011, Казнено право – општ дел, БороГрафика, Скопје, стр.580
[14] Камбовски, В., Велкова, Т., 2008, Малолетничка правда, Скопје, стр. 261

- Поддршка и охрабрување на учениците.
- Исто така, училиштата и државните и локалните институции треба да:
- развиваат поблиски комуникациони канали, особено во врска со ранливите и ризичните деца во време на транзиција;
- развиваат поблиски комуникациони канали со општинските совети за превенција и со полицијата;
- развивање на поголем локален дијалог за училиштата, безбедноста во заедницата и малолетничката деликвенција;
- охрабрување началниците на полициите да ја преиспитаат улогата на училиштата во нивните локални иолициски планови и како најдобро училиштата да помогнат во работата на полициските службеници.

4. Развивање протоколи меѓу училиштата и општинските совети за соочување со малолетничката деликвенција, таквите протоколи треба да ги решат прашањата како:

- Меѓусекторска координација при преземањето на активностите (ефикасна работа под притисок).
- Поддршка во изработка на флексибилни стратегии за соочување со кризите во кои запаѓаат младите лица.
- Поддршка во изработка на флексибилни стратегии за соочување на проблемите со кои се соочуваат младите лица кои излегуваат од воспитно-поправните домови и од малолетничките затвори.
- Донесување систем за мониторинг и за евалуација.
- Воспоставување систем за брз проток на информации
- Осигурување дека лицата кои имаат клучна улога во системот ќе бидат целосно посветени на процесот во насока на остварување на зацртаните цели.

5. Развивање алтернативни стратегии за соочување со ексклузијата, како појава на невклучување или напуштање на образовниот процес на определени групи ученици

- Имплементирање на ресторативната правда и промовирање на постапката за порамнување и за медијација.
- Основање државен совет и општински совети за превенција.

## 2.1. Ресторативна малолетничка правда

Додека ретрибутивната правда се фокусира на прашањето како да се казни сторителот, ресторативната правда е окупирана со прашањето како да се реставрира благосостојбата на малолетникот, жртвата и заедницата. Значи, ресторативната правда претставува повторно воспоставување на поранешниот статус и права на жртвата, преку определена конкретна активност на сторителот насочена кон самата жртва.

Главните типови на ресторативни интервенции кои се среќаваат на ниво на Европската Унија се директните (лице в лице) и индиректни, вклучувајќи:

- медијација жртва- торител на кривично дело, комуникација меѓу жртвата и сторителот на кривичното дело олеснето од страна на обучен медијатор;

- ресторативна конференција- каде, дополнително се олеснува комуникацијата меѓу жртвата, сторителот и другите лица поврзани со жртвата и сторителот (како, членовите на фамилиите) кои, исто така, партиципираат;

- фамилијарна групна конференција- која ги вклучува и членовите на пошироката фамилија, со цел фамилиите да се договорат за прифатлива солуција;

- работни панели со сторителите на кривични дела - каде обучени волонтери од заедницата или од општинските тимови за превенција ќе работат со младите лица, родителите и со жртвата во насока да се постигне договор и работите да се канализираат во правилна насока.

Ресторативната правда не е применлива во сите случаи (како на пример, кога сторителот ја отфрла одговорноста за кривичното дело или пак кога жртвата одбива да партиципира во постапката дури и индиректно), меѓутоа ресторативната правда може и тоа како да одигра важна улога во редуцирањето на повратот, во помагање на жртвата и во зголемување на довербата во правосудниот систем преку:

- Насочување на младите лица да земат активно учество во надоместување на штетата што ја имаат предизвикано за на тој начин и да учат преку искуството.
- Зајакнување на улогата на жртвата и редуцирање на стравот од криминал и антисоцијално однесување.
- Учество на членовите на локалната заедница.
- Зајакнување на улогата на родителите.

### 2.1.1. Елементи на ресторативната правда

Бидејќи ресторативната правда е насочена кон решавање на конфликтот, со поминување и компензација на штетата или со примена на друга санкција што е прифатлива за сите (општокорисна работа и сл), специјално-превентивната ориентација на системот на малолетничка правда ги детерминира целите на системот на санкции, а тоа се: воспитни мерки, алтернативни мерки и мерки на безбедност.

На малолетните лица, осудени за извршено дело на вазраст од 14-15 години. („помлади малолетници“), може да им се изречат само „воспитни мерки“. Најголемиот број „воспитни мерки“, но не сите, не вклучуваат згрижување во некоја установа. Воспитните мерки се средства на превенција и социјализација со кои е правно институционализирано ангажирањето на заедницата во помош и грижа за малолетникот и поттикнување на позитивните црти на неговата личност. Се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на лична одговорност на малолетникот и имаат за цел превоспитување и правилен развој. Постојат три категории: дисциплински мерки (укор и дисциплински центар за малолетници), мерки на засилен надзор (од родителите или од центарот за социјална работа) и заводски мерки (воспитна установа или воспитно-поправен дом). Судот го врши изборот на воспитната мерка, земајќи ја предвид возраста на малолетникот, душевната развиеност, психичките својства, наклонетостите, побудите од кои е сторено делото, средината и условите во кои живеел, тежината на делото, дали кон него била изречена претходно воспитна мерка или друга санкција.

Широките судски овластувања во изборот на воспитната мерка подразбираат и можност за запирање или за изменување на воспитните мерки во текот на извршувањето[15].

Алтернативни мерки, според член 53 претставуваат: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на водење на постапката и општокорисна работа. Тие се применуваат кон постар малолетник со цел да се избегни казна, а се замислени како средни санкции помеѓу казните и заводските воспитни мерки и имаат за цел избегнување на мерката лишување од слобода.

Мерките се изрекуваат според општите законски услови од Кривичниот законик, со специфичности уредени со Законот за малолетничка правда.

Како алтернативни мерки во ресторативната правда се појавуваат постапката за медијација, постапката за посредување и порамнување (од страна на јавен обвинител) и постапка за посредување (од страна на центарот за социјална работа).

Кон медијација се пристапува кога има пријава за дејствие што со закон е предвидено како прекршок или кривично дело или за кое е предвидена казна затвор до пет години, а по упатување на надлежниот јавен обвинител, по претходна писмена согласност на малолетникот и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. На медијација може да упати и надлежниот суд за малолетници кога веќе е покрената судската постапка, од причини на целесообразност, а по претходна писмена согласност на малолетникот и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. Во тој случај, до завршување на главниот претрес, судот може постапката да ја прекине со решение и да упати на постапка на медијација. Постапката пак подразбира определување на медијатор од листата на медијатори во надлежниот суд за малолетници и известување на јавниот обвинител, односно судот за малолетници.

Постапката за медијација може да заврши со потпишување на писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместок на материјалната штета и моралната сатисфакција, со писмена изјава на медијаторот, по извршените консултации со странките дека не се оправдани натамошни обиди за

[15] Член 41 од Законот за малолетничка правда

медијација, на денот на поднесувањето на изјавата или со истекот на рокот предвиден за завршување на постапката за медијација.

## 3. Глава: ДИВЕРЗИОНО ПОСТАПУВАЊЕ КОН МАЛОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Диверзионото постапување ги има следниве карактеристики[16]:

- насочено е кон откривање на причините кои довеле до недозволеното однесување, а не потрага по мотивите за стореното дело,
- основно настојување е во текот на постапувањето малолетникот да сфати што сторил и какви последици тоа негово дејание предизвикале, а не утврдување на вина заради одмерување на казна,
- специјална превенција и нагласена индивидуализација се карактеристични за целиот тек на постапувањето а не само за нејзиниот краен исход,
- реакцијата е насочена кон воспитување, превоспитување и подобра социјализација, а не санкционирање заради прекршување на определена законска норма,
- реакцијата создава обврски и за семејството, а не само на малолетникот.

### 3.1. Меѓународни документи

Меѓународните документи кои се занимаваат со дефинирање препораки во однос на заштитата на детето и малолетникот укажуваат на тоа дека за младите лица е особено

[16] Лажетиќ-Бужаровска Г., Мишевска-Пејовиќ С., Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничка правда, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, во Зборник на трудови Малоленичка правда – Ресторативна правда, стр. 135

важно постапувањето да се одвива во природната средина на малолетникот, онаму каде што тој се чувствува сигурен и заштитен[17].

Најважните документи, конвенции, правила и прописи на Советот на Европа кои се однесуваат на системот на малолетничката правда, се базирани и претставуваат надградба на Европската конвенција за човековите права на Советот на Европа и други меѓународни документи. Европската конвенција за човековите права, правно гарантирајќи го правото на слобода и безбедност, во чл.5 определува дека никој не може да биде лишен од слобода без судска одлука врз основа на закон, а кога се работи за притвор на малолетник, врз основа на законска процедура - заради воспитување под надзор или заради приведување пред надлежна судска власт[18].

Спектарот на правните солуции и нивната практична имплементација може да биде различен, но во суштина базичните стандарди се утврдени во меѓународните конвенции и документи за правата на детето со кои во суштина се бара специфичен одвоен третман за малолетниците и нивна изолација од другата криминална популација и нивно одвојување од редовната кривична постапка. Тука пред се влегуваат следниве документи[19]: Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (ратификувана од Република Македонија во 1993 година ) со Протоколот за инволвирање дела во вооружени конфликти и Протоколот за трговија со деца, детска порнографија и детска проституција (ратификувани од Република Македонија во 2004 и 1993 година), Конвенцијата за борба против транснационален организиран криминал со Протоколот против трговија со луѓе особено жени и деца (ратификувани од Република Македонија во 2004 година), Ријадските правила на Обединетите нации за превенција на малолетничка деликвенција од 1990 година, Препораката на Советот на Европа бр.П (87) 20 за социјална реакција на малолетничката деликвенција и др.

---

[17] Recommendation No. R (87) 20 on social reaction to juvenile delinquency, 17.09.1987

[18] European Convention on Human Rights, Независно судство - Зборник на документи, I дел, приреден од Арнаудовски, Терзиева-Тројачанец и Тумановски, стр. 143

[19] Камбовски, В., Велкова, Т., 2008, Малолетничка правда, Скопје, стр. 259

## 3.2. Компаративно право

Во Србија со донесувањето на посебен Закон за малолетни сторители на кривични дела и за кривично – правна заштита на малолетни лица се следат новите тенденции во науката за малолетничкото кривично право. Законот приматот му го дава на начелото на воспитување во однос на казнувањето. Посебно внимание заслужуваат т.н. воспитни налози, кои подразбираат кривичната постапка да не се покрене или да се запре. Воспитните налози се еклатантен пример за примена на начелото на диверзија., односно внесување на елементи на ресоративна правда. Во 2015 година, од вклупно 47 обвинети малолетни лица, на 27 им била изречена мерка воспитен налог[20].

Законот за судовите за малолетници („Народне новине“ бр. 111/97), кој во Република Хрватска се применува од 01.01.1998 год. содржи кривично-правни одредби кои се однесуваат на малолетници и помлади полнолетни лица, сторители на кривични дела, прописи за делокругот на работата и организацијата на судовите за малолетници, одредби за кривично постапување, одредби за извршување на санкциите, како и прописи за казнено-правна заштита на деца и малолетници, специјализација на судиите за малолетници од општинските и жупаниските судови, како и на државните адвокати. Тие мора да поседуваат чувствителност за проблемите и интересите на младите, како и основни знаења од областа на криминологијата, социјалната педагогија и социјалната заштита. Судиите се избираат за период од пет години со можност за повторен избор. Одделенијата за малолетници на општинските и жупаниските судови имаат стручни соработници, социјални педагози-дефектолози и социјални работници и претставуваат важен придонес за криминално-педагошкиот пристап кон младиот делинквент во постапка на извршување на воспитните мерки, како и во случаи на казнено-правна заштита на децата и малолетниците. Специјализирани полициски службеници, адвокати со посебни склоности и знаења за воспитување и грижа за младите претставуваат новина во законскиот текст. Тие, заедно со незаменливата функција на службата за социјална заштита во воспитните, социјалните и заштитните стојалишта и вредности во постапките

[20] http://www.stat.gov.rs/WebSite/repository/documents/00/02/36/84/SB-618-Maloletni2015.pdf

спрема младите се делови на инструментариумот вграден во Законот за процесуирање на овие деликти[21].

Со донесување на *JGG*, во Германија е воспоставен мешовит модел на малолетничка правда кој презема елементи како од т.н. welfare модел (модел на заштита) така и од т.н. justice модел, според кој е донесен и нашиот Закон за малолетничка правда. Во Германија неформалните диверзиони санкции се изрекуваат во близу 70% од малолетничките случаи од кои 50% се диверзиони мерки од обвинителството без посебни обврски, потоа се диверзионите мерки од обвинителството со обврски, па диверзиони мерки од судот и неформалните санкции. Иако во Германија постои разноликост помеѓу различните држави, генерално стапката на диверзионо постапување изнесувала 69%[22]. Притоа, стапката на повторништво изнесува 27%. Измените во областа на малолетничката правда во Германија потекнале од практиката, процес наречен "reform through practice"[23], кој подразбира иновативен однос кој во постапувањето го внеле социјалните работници, обвинителите и судиите за малолетници како најинволвирани во можностите и предностите на ресторативноста.

Во Австрија диверзиониот модел има примат при реагирање на малолетничкото престапништво. Доколку малолетникот извршил кривично дело за кое е пропишана казна затвор до пет години, обично не се пристапува кон кривично гонење, туку со случајот се занимаваат семејните судови кои пред се водат сметка за доброто на детето. Сепак, доколку навистина е неопходно, повторно судовите за семејни спорови ќе одберат некој неформален облик на надзор на малолетникот, иако во Австрија семејните судови се одделени од малолетничките судови. Кога станува збор за диверзиониот модел во целосна смисла на зборот, односно во случаите кога одредени дејства ги презема јавниот обвинител, интересно е дека во Австрија не постои ограничување во поглед на пропишаните санкции за кривични дела на кои е применлива диверијата, но под услов

---

[21] Батиќ, Д., Компаративна анализа на системите за малолетничка правда и полициското постапување со малолетници, Уницеф, Ван Гог, Скопје, стр.36

[22] Frieder, Dünkel, 2008, Diversion, Reforming Juvenile Justic, pp. 154 кај Бужаровска-Лажетиќ, Г., Мерките на помош и заштита според законот за малолетничка правда, срт.137

[23] Frieder, Dünkel, Juvenile Justic in Germany, http://providus.lv/article_files/2507/original/dunkel_bez_tabulam.pdf?1382680235

судот да е тој кој ја запира кривичната постапка за кривични дела со одредена тежина. Така јавниот обвинител ќе одлучи да не го гони малолетникот и ќе предложи примена на дивизиони мерки, или такви мерки ќе одреди судот и ќе ја запре кривичната постапка. Дивезионите мерки се сведуваат на надокнадување на штетата, равота во општествено корисни цели (не подолга од 120 часа) и слично[24]. Реформата во Австрија од 1988 воведе форми на диверзионо постапување со или без интервенции при што се користи негонење како резултат на целесообразност или медијација сторител-жртва. Диверзионото постапување опфаќа 69% од сите одлуки што ги донеле обвинителите односно судовите, а 10,5% отпаѓа на медијацијата.

Во Холандија диверзионите мерки може да бидат од страна на различните структури во системот на малолетничко правосудство и во различни фази. Така малолетникот може да биде упатен да учествува во некое диверзионо кривично гонење уште од страна на полицијата. Понатаму, јавниот обвинител може условно да го одложи кривичното гонење доколку се уплатат средства во фондовите за посебни намени, да се изврши оптествено корисна работа, да се воспостави супервизија од страна на социјалните работници и сл. Доколку дојде до процесуирање, на судот му стојат на располагање покрај стандардните санкции, како што се воспитни мерки и парични казни, и алтернативни санкции, како работа со цел отстранување на штетните последици на нанесената штета и различни курсеви и одлуки[25].

Во Белгија во реформата од 2007 година се прифатија мноштво заштитни мерки со едукативен карактер и ресторативни мерки, медијација и семејна групна конференција. Медијацијата доживува најголема примена, од сите случаи 85% на медијацијата страните ги упатил обвинителот а судот само, во 15% од случаите се одлучил за упатување на медијација. И во Белгија процентот на диверзиони постапувања и крајни ефекти е висок и опфаќа близу 70% од сите случаи спрема малолетниците.

---

[24] Edelbacher, M., Fenz, C., 2001, Juvenile justice system: An Austrian Perspective, Toronto, p.20

[25] Ferwerda, H., 2001, Youth crime and juvenile justice in The Netherlands, Toronto, p.401

## 4. Глава: ПОЛОЖБА НА БРАНИТЕЛОТ НА МАЛОЛЕТНИЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Одбраната, како една од трите основни функции во кривичната постапка, претставува процесна активност на спротивставување на обвинувањето, наполно или делумно одрекување дека е сторено кривично дело и на одговорност за него, истакнување на аргументи (факти и докази) со кои се побива тезата на обвинувањето. Односно, според Vasiljević, одбраната е збир на оние дејства што во постапката се преземаат со цел да се изнесе се што е од корист за обвинетиот[26].

Кога веќе судијата и јавниот обвинител, како субјекти на функциите пресудување и гонење, по службена должност се обврзани со изнаоѓање и утврдување факти не само на штета, туку и во полза на обвинетиот, односно со непристрасно изнаоѓање на вистината и постои можност оваа задача за ја остварат во процесот, може да се постави прашањето – дали во кривичниот процес е потребно да егзистира уште еден, трет субјект кој исклучиво би ги бранел (заштитувал) интересите на обвинетиот? Одговорот на ова прашање не може да биде поинаков, освен потврден: во кривичната постапка, посебно кон малолетниците, сосем е оправдана, а во поголемиот број на случаи и неопходна, помошта на бранителот.

Користејќи ги своите права што му ги признава правниот поредок на една држава, бранителот на обвинетиот, како лице со стручна правна подготовка и определена опитност во работата, непосредно ја реализира одбраната.

Со новиот ЗКП се воведува акузаторен модел на кривична постапка според кој товарот на докажување во целост преминува врз страните во постапката, а судијата ќе има пасивна улога, со цел да остане непристрастен.

[26] Vasiljević, T., 1971, Sistem krivičnog procesnog prava SFRJ, drugo izmenjeno I dopunjeno izdanje, Zavod za izdavanje idzbenika SR Srbije, Beograd

## 4.1. Улога на бранителот како помошник на обвинетиот

Често бранителот се означува како помошник на обвинетиот, а во германската литература некои автори го третираат и како „помошник на процесниот субјект“ - Prozepsubjektgehilfe[27]. Во вршењето на функцијата на одбраната бранителот не е зависен од наредбите на обвинетиот, а од друга страна бранителот не може да се смета исклучиво како застапник на интересите на обвинетиот, „како таков консеквентно гледано би требало својата задача само во тоа да ја гледа, било обвинетиот да е невин или виновен, по секоја цена да го извлече од забратот на државните органи и да постигне ослободителна пресуда. Нужното одбивање на оваа консеквенца го оспорува истовремено одредувањето на поимот“.

## 4.2. Улогата на бранителот како помош (потпора) на обвинетиот

Во правната литература и законодавството е мошне раширено означувањето на бранителот како помош (потпора) на обвинетиот (во германската литература: Beistand des Beschuldigten). Таквиот термин „помош“ (Beistand) го употребува самиот германски Законик за кривичната постапка како и некои други законици во смисла на terminus technicus, поим под кој треба да се подразбере „едно лице на кое не му е издадено застапничко полномошно, туку му е доверена само помошна функција дека може да биде повикано или од процесниот учесник за да му помогне или овластено да настапи врз основа на неговиот однос спрема процесниот учесник“.

---

[27] Schmidt, Eb., Lehrkommentar zur Strafprozessordnung und zum Gerichtsverfassungsgesetz, Teil I 2. Aufl. 1967, кај Матовски, Н., 1978, Бранителот во вршењето на функцијата на одбрана, Скопје

Означувањето на бранителот како „помош“ на обвинетиот единствено може да се протолкува како обид бранителската функција да се направи очигледна. Меѓутоа, прашање е колку е тој обид успешен, бидејќи самиот поим бранител ја изразува основната функција што ја врши едно такво лице: функцијата на помагање, односно бранење на лице против кое е подигната кривична постапка од неправилно постапување во нејзининот тек или лице против кое е подигнато и стапило во правна сила едно обвинение.

Некои теоретичари дури ја констатираат погодноста на порано употребуваниот израз за бранителот во германското процесно право - „Fiirsprecher“ (адвокат, посредник, застапник; Fiirsprache - одбрана на бранител пред судот), зашто тој опфаќа се што треба да се изнесе во постапката во корист на обвинетиот, односно има уште поширока смисла.

## 4.3. Активностите на полицијата, истрагата за извршените дела и претсудски притвор

Полицијата како институција е исклучително важна во примената на Законот за малолетничка правда, па така превентивното полициско дејствување со ресторативна правда и санкции се перципира како целосен превентиве систем и одговор на деливенцијата[28]. Во полицијата се основани специјализирани тимови за истрага на кривични дела, извршени од малолетни престапници, како и дела против деца. Во полициските станици има овластени службени лица, специјално обучени во сферата на малолетничката правда и со соодветни вештини за интервјуирање деца.

Малолетник може да биде задржан од овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, во пет случаи: кога против него е распишана потерница; ако е затечен при извршување на тешко кривично дело; кога е затечен при извршување и на друго дело, ако има опасност делото да го повтори или да го доврши; ако не може да се утврди неговиот идентитет; или кога се работи за состојба, која бара

---

[28] Просароска, Ж., Превентивен пристап на полицијата кон малолетничката деликвенција, Полициски советник за јавен ред и мир, МВР, стр. 181

мерки за негова заштита[29]. За неговото лишување од слобода, веднаш мораат да бидат известени родителите и адвокатот на малолетникот, како и надлежен јавен обвинител и судија[30]. Од малолетното лице не може да се бара и земе изјава, без присуство на бранител. Задржаниот малолетник мора „без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа“ по лишувањето од слобода, да биде изведен пред судија за малолетници[31]. Кога детето е задржано во полициска станица со намера да биде испрашувано, разговорот не може да трае повеќе од 4 часа. На разговорот мора да присуствува бранител, ЦСР и родителите или старателот[32].

Иако Законот за малолетничка правда, забранува испитување на малолетни осомничени лица без присуство на бранител и посочува на кој начин истиот треба да биде назначен, сепак не дефинира кој е должен да плати за нивната услуга. Следствено, во периодот на реализација на мисијата за оценка, адвокатите веќе имаа престанато да ги застапуваат малолетните осомничени лица, освен во оние случаи, во кои самите родители се согласни да ги надокнадат нивните трошоци и награда.

Судијата за малолетници може да овласти, обвинетиот малолетник привремено да се смести во воспитна установа или згрижувачко семејство или да се стави под надзор на ЦСР, ако „тоа е потребно заради издвојување на малолетникот од средината во која живеел или заради давање помош, заштита или сместување на малолетникот"[33]. Задржаниот малолетник мора „без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа“ да биде изведен пред судија за малолетници, кој ќе одлучи за одредување притвор или за пуштање на малолетникот на слобода[34]. Решението за притвор може да се обжали пред Кривичниот совет на основниот суд, кој по жалбата мора да одлучи во рок од 24 часа[35].

Основите за претсудски притвор се оние истите, пропишани и во Законот за

[29] Закон за малолетничка правда, член 109
[30] Исто, члин 109. (Во членот 91 е наведено дека во рок од два часа, мораат да бидат известени или родителите или ЦСР) .
[31] Исто
[32] Насоки за професионалци кои работат со деца во конфликт со законот, Уницеф, https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/B3_Prof_children_in_conflict_MKD.pdf

[33] Закон за малолетничка правда, член 108
[34] Исто
[35] Исто

кривична постапка: непознат идентитет или постоење на ризик од бегство, ризик од евентуално уништување докази или вршење влијание врз сведоци или ризик од евентуално вршење на исти или други кривични дела[36]. Првичното решение за притвор може да трае најмногу 30 дена, а истиот може да биде продолжен за уште 60 дена. Решението за притвор може да се обжали пред советот за малолетници на основниот суд, кој може да го потврди или укине решението во рок од три дена, а понатамошна жалба по решението, е можна пред надлежниот апелационен суд[37].

Членот 110 од Законот за малолетничка правда, јасно го признава начелото на „крајна нужда". Истиот содржи и други заштитни мерки, имајќи ја предвид и одредбата, според која, доколку причина за притворот е потребата за утврдување на идентитетот на малолетникот, неопходноста на притворот мора повторно да биде оценета, кога ќе биде утврден идентитетот на малолетникот.

Во претсудскиот притвор, малолетниците мораат да бидат одвоени од полнолетните лица и треба да им се обезбеди работна или друга активност, која може да е корисна за отстранување на негативните последици од притворот[38]. Надлежниот судија за малолетници е должен, притворениот малолетник да го посети најмалку еднаш, или на секои десет дена, доколку притворот трае подолго време[39]. Најголемиот број малолетници на кои им е одреден притвор, остануваат во притвор во времетраење од две недели до два месеци.

### 4.3.1. Улога на бранителот на малолетници во текот на активностите на полицијата, истрагата за извршените дела и претсудски притвор

Доволно е едно малолетно лице да е осомничено дека е сторител на кривично дело, или особено ако стекнало својство на обвинет во кривичната постапка, па тој факт, односно нов момент во неговото секојдневие, да го исфрли од психолошката рамнотежа

---

[36] Исто како претходното, член 110, заедно со членот 184 од Законот за кривична постапка (член 199 од пречистениот текст на Законот)

[37] Исто

[38] Исто, член 112 .

[39] Закон за малолетничка правда, член 112(3)

во која дотогаш се наоѓало. Во секој момент се очекува засновување односи со државните органи на кривичната репресија, кои по самата природа на работите не може да бидат пријатни и без прикриен или јасно манифестиран страв кај осомничениот или обвинетиот, без оглед на тоа за каква постапка се работи, односно во колкава мера е таа демократска и ги почитува правата на граѓаните и достоинството на нивната личност.

Во интерес на правилното одвивање на постапката, државните правосудни органи можат да преземат мерки за обезбедување присуство на лица од кои најтешката - превентивно лишување од слобода, уште пред расчистувањето на неговиот случај, односно прашањето дали е тој сторител на кривичното дело и дали е кривично одговорен или не, му ја одзема за определено време неговата најценета вредност - личната слобода. Тоа значи дека обвинетиот ќе ги напушти своите секојдневни активности, работата, фамилијата, имотот и ќе се најде затворен во ќелија, соочен со последиците што произлегуваат од неговото инкриминирано поведение. Во таквата ситуација во која дотогаш не се нашол (најголемиот број обвинети малолетни лица се примарни делинквенти и првпат доаѓаат во судир со законот) нему му е потребно присуство на лице што ќе му даде морална поддршка и помош, кое ќе го ослободи од тогаш настанатите материјални и морални грижи. Зашто, спрема правосудните органи неупатеното малолетно лице секогаш чувствува голем страв, а често преоптоварен од својата грешка, обвинетиот се чувствува како играчка во рацете на судскиот механизам и не е во состојба да ги користи своите права. Овде тоа се покажува како едно вистинско capitis deminutio - губење, намалување на правата, особено при првите контакти со државните репресивни органи и кога е превентивно лишен од слобода.

Сосем е во право еден адвокат кога вели: „Затворениците и фамилиите на затворениците ја прават тешка нашата задача... Меѓу едните и другите ние сме навистина единствената врска што останува. Ако тие имаат тенденција да очекуваат од нас, кои остануваме помошници на правосудството, повеќе отколку сме ние способни или отколку имаме право нешто да сториме, уште можеме, во оваа улога на посредник, ним да им укажеме една морална помош чијашто вредност не треба да се потценува“[40].

[40] Isorni, J., 1951, Je suis avocet, Edition du Conquistador, Paris, p.107

Истиот автор понекогаш чувствува големи револти против механизмот, сиот лишен од сензибилитет, што се нарекува правда (правосудство) и „кој од полицијата до казнената администрација, поминувајќи преку обвинителството, судовите, го зграпчува обвинетиот со своето тркало и веќе не го пушта. Не смее овој обвинет - дотолку повеќе невиниот - да остане сам спрема законот и особено спрема неговите претставници. Странката не би била еднаква... За да се направи некоја слика, доволно е да се погледа лицето на овој, па каков тој и да биде, кој тукуштo примил покана од полицијата. Тој веќе се тресе држејќи ја неа во своите раце“[41].

Благодарение на правата кои на бранителот му ги признава правниот поредок на една земја, тој е единствениот што може да даде морална поткрепа на лицето што се нашло во судир со општествената заедница поради своето инкриминирано поведение, и со кого правосудниот механизам брза да го почне целиот процес на постапување, чиј конечен исход треба да биде донесување правосилна судска одлука.

Ако се земе предвид фактот дека мнозинството обвинетите лица, особено оние што првпат доаѓаат во судир со законот а не ги знаат своите права, бранителот ќе биде првиот и единствениот што ќе ги подучи за нив и за начинот на нивното користење, односно ќе ги подучи за нивната суштина (на пример, во кривична постапка за правото на молчење, правото на неговиет прв распит да присуствува неговиот бранител, за правото на присуство на лице од ЦСР, за правото на присуство на родител, при одделни процесни дејства и сл.), макар што за некои од овие права мора да го подучи истражниот судија, затоа што Законот му наметнува таква обврска.

Натаму, бранителот треба да го советува својот млад клиент, пред се по своја иницијатива или по барање на последниот, за начинот на неговото однесување најпрвин во претходната постапка, а потоа во натамошните фази, за тоа како се одвива постапката и можностите на одбраната во одделните фази, за елементите на досието. Штом ќе располага со достатно елементи на спорот уште во текот на истрагата, бранителот треба да му ја образложи на обвинетиот процесната тактика кон која ќе треба да се придржуваат тие обајцата како субјекти на одбраната, тактиката која, според неговото

---

[41] Исто, р.12

мислење, е најдобра за да извлечат најповолен исход за обвинетиот и да го советува кон неа, доколку таа може да се постави уште во овој дел од постапката, да се придржува при учеството на процесните дејства.

Се работи, всушност, за конституирање концепција на одбрана чии креатор треба да биде, пред се, бранителот поради поседувањето на неговите стручни правни знаења, а во нејзиното оформување треба да соработува и обвинетиот. Каква ќе биде таа - зависи од предметот на спорот, од тоа во колкав степен обвинетиот му се доверил на неговиот бранител; но овој, последниов, треба интензивно да го советува во определен правец, кој нему му се чини најпогоден во конкретниот случај. Иако одбранбената концепција ќе биде подложна на измени во текот на процесот, зависно од резултатите на постапувањето, односно таа треба да биде еластична особено во почетокот на процесот кога се уште не се располага со сите елементи на досието и не може да се предвидат сите пресврти, сепак треба да се постави уште во претходната постапка и можеби ќе се манифестира или само насети преку процесните дејства што ги предлага одбраната, на кои имаат право да присуствуваат бранителот и обвинетиот и преку нивните евентуални забелешки и искажувања по однос на фактите што се утврдуваат во процесот.

Во практиката во огромното мнозинство случаи, креатор на одбранбената концепција ќе биде бранителот поради недостатното образование на обвинетиот, поради неговото непознавање на правото. Ако пак се работи за малолетник кој лошо ги интерпретира своите права и настојува да се брани на начин што е погрешен и не е заснован врз утврдените факти од страна на судот, така што сака да му наметне на бранителот една неприфатлива концепција за одбрана, тогаш бранителот треба на очигледен начин да му ги предочи на обвинетиот можностите за одбрана и дека од утврдените факти не се покажува ефикасен таквиот начин на одбрана за кој тој се залага. Доколку бранителот не успее да го убеди својот клиент во бесполезноста на таквата одбрана и дека доколку продолжи со истиот начин на однесување за време на преземањето на процесните дејства ќе ги доведе во сериозна опасност своите интереси.

Моралната помош која бранителот треба да му ја укажува на својот клиент не треба да биде лоцирана само во рамките на кривичната постапка до донесувањето

конечна судска одлука, туку и во постапката по вонредните правни лекови во која постои можност да се донесе поволна одлука за обвинетиот. Со оглед дека се залагаме за еден концепт на одбрана, односно активност на бранителот и во фазата на извршување на кривичните санкции, поради тоа сметаме дека таа треба да продолжи и кога обвинетиот биде огласен за виновен и добие статус на осуден во малолетнички затвир со правосилна судска пресуда. Мнозина денешни криминолози сметаа дека „е потребно бранителот (адвокатот) да се ангажира во третманот на осудениот зашто тој може да одигра многу важна улога на психолошки план и, на тој начин, во значителна мера да го фаворизира третманот во поволна смисла за обвинетиот односно осудениот, бидејќи тој ќе ги слуша неговите совети“[42].

## 4.4. Судење на малолетни лица

Децата на возраст од 14-18 години, обвинети за сторено кривично дело, имаат право да им биде судено пред надлежен суд, односно, да им суди судија за малолетници. Во одредена смисла, ова право е ограничено на дела кои се казниви со затворска казна над три години, затоа што случаите на полесни дела се упатуваат во ЦСР. Членот 10, од Законот за малолетничка правда, го признава правото на жалба до надлежниот суд „против одлуки донесени во управна постапка“.

Законот за малолетничка правда пропишува, дека основните судови со проширена надлежност треба да имаат специјализирани судски оддели за малолетнички криминалитет, со еден или повеќе судии за малолетници и Совет за малолетници. Советите за малолетници треба да се составени од еден судија за малолетници и двајца судии „поротници" со претходно искуство и познавања во постапувањето со малолетници. Според Законот за судови од 2006 година, 12 основни судови имаат специјализирани оддели за различни видови предмети, вклучувајќи и малолетнички предмети.

Судиите за малолетници ги извршуваат сите функции, односно трите функции, кои

[42] Pinatel, J., 1972, Secretaire general honoraire de la Societe international de criminology, Paris

вообичаено постојат во континенталното казнено право (истражен судија, судечки судија и судија за извршување на казната). Одредени функции, вклучувајќи ја и подготвителната постапка, ги извршуваат судиите за малолетници самостално, додека некои други, вклучувајќи ја и „главната расправа", се должност на советот за малолетници[43]. Судиите за малолетници се надлежни и овластени да постапуваат и по прекршочни предмети[44].

Членот 94 предвидува дека и по предметите со малолетни сторители, треба да постапуваат специјализирани обвинители и специјализирани полициски истражители. Од сите нив се бара, да учествуваат на најмалку четири дена стручна обука во текот на годината. Во Скопје има четири специјализирани обвинители за малолетнички криминалитет. Претседателот на секој суд, кој има посебен малолетнички оддел, е должен да определи едно лице, вработено во локалниот ЦСР, кое ќе биде задолжено за постапување по малолетнички предмети[45].

### 4.4.1. Подготвителна постапка

Судските постапки имаат две фази: подготвителна постапка и судски процес . Обете, во најголем дел, се регулирани со Законот за кривична постапка[46].

Кога обвинителот добива предмет за работа и смета дека нема потреба од подготвителна постапка, за истото мора да побара и добие овластување и дозвола од надлежниот судија за малолетници[47]. Обвинетиот малолетник и неговиот адвокат, имаат право да бидат слушнати, пред да биде донесена одлуката во однос на подготвителната постапка, или изречена казна во нивно отсуство[48].

За време на подготвителната постапка, адвокатот на обвинетиот малолетник мора да биде присутен за време на сите дејствија, на кои е присутен и обвинителот, освен ако

43 Закон за малолетничка правда, член 117
44 Исто, член 129
45 Закон за малолетничка правда, член 97
46 Исто, членови 107 и 118
47 Исто, член 102 (Обвинителот може да побара од судот да потврди дека нема потреба од спроведување на подготвителна постапка и дека на малолетникот може да му се суди и одреди казна, откако ќе побара извештај за малолетникот и околностите на делото од страна на ЦСР, Член 103) .
48 Исто, член 104.

спротивното биде одобрено од судијата[49]. Со дозвола на судијата, на дејствијата можат да присуствуваат и родителите на обвинетото лице или претставници од ЦСР[50]. Судијата задолжен за подготвителната фаза, е должен секој месец да го известува Претседателот на судот, за причините, поради кои по одделни предмети, постапката се уште е во тек[51].

Доколку судијата одлучи, во текот на подготвителната постапка, дека постапката треба да биде прекината поради недостаток на докази или од други причини, таквата одлука мора да биде потврдена од советот за малолетници, а против таквото решение, јавниот обвинител има право на жалба[52].

Доколку, од друга страна, судијата заклучи дека истрагата е завршена и предметот е подготвен за „судење", предметот му се враќа на обвинителот, кој може да се откаже од натамошно гонење, да одлучи дека е потребна понатамошна истрага или да даде препорака до советот за малолетници, за применување на одредена санкција[53]. Во најголем број случаи, „судењето" е всушност постапка во писмена форма, без сослушување сведоци, во текот на која, судскиот совет решава, дали ќе ја усвои предложената пресуда и санкција .

### 4.4.2. Скратена постапка

Во одредени околности, кога се работи за неспорни факти и кога не се предлага згрижување на малолетникот во некоја установа, подготвителната постапка и/или „главната расправа" можат да бидат прескокнати. Кога обвинителот ќе поднесе барање за започнување подготвителна постапка, судијата може да го одбие таквото барање, доколку смета дека постапката е непотребна, затоа што фактите се веќе јасно и прецизно утврдени. Во тој случај, судијата бара од ЦСР да изготви извештај за малолетното лице и околностите на сторување на делото. Тоа мора да биде завршено за 30 дена, по што, во

---

[49] Исто, член 107(2) .
[50] Исто
[51] Исто, член 116 .
[52] Закон за малолетничка правда, член 113 (Други можни причини се настапување на застареност на делото, амнестија, неспособност на лицето да му се суди итн . ) .
[53] Исто, член 114 .

рок од осум дена, судијата мора да го презентира предметот пред советот за малолетници, кој носи одлука[54]. Казните, кои се изрекуваат како резултат на ваквата скратена постапка, не вклучуваат казна затвор или други заводски мерки[55].

Ваквата можност постои и на крајот од подготвителната фаза на постапката. Во тој момент, советот за малолетници одлучува, дали има потреба од главна расправа. Казните каде нема лишување од слобода, како што се паричните казни, општокорисната работа или условните казни, можат да бидат изречени и без главна расправа, односно претрес[56]. Малолетникот и неговиот бранител, можат да присуствуваат на седницата на Советот на која се одлучува, но нивното присуство не е задолжително.

### 4.4.3. Главен „претрес“

По завршувањето на подготвителната постапка, доколку Советот одлучи да се оди на главен претрес, истиот мора да го закаже во рок од осум дена[57]. Одвивањето на главниот претрес е регулирано со Законот за кривична постапка, иако Советот за малолетници има право на одредени отстапки од процедурата, доколку за тоа има потреба[58]. Членот 86 од Законот за малолетничка правда, предвидува преземање на сите неопходни напори и мерки, за обезбедување на соодветни услови:

> *„При преземањето на дејствијата на кои присуствува малолетник, а особено при неговото испитување, органите што учествуваат во постапката, се должни да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за психичката зрелост, чувствителноста и личните особини на малолетникот, за водењето на постапката да не влијае штетно врз развојот на малолетникот.“*

Присуството на малолетникот и неговиот бранител за време на главниот претрес е

[54] Исто, членови 103, 104 и член 106 . (Одлуката за прескокнување на подготвителната постапка и носење пресуда, може да биде донесена или во согласност со барањето на обвинителот, или преку одбивање на барањето за поведување на подготвителна постапка)

[55] Закон за малолетничка правда, член 104

[56] Исто, член 117

[57] Исто, член 120

[58] Исто, член 118

задолжително[59]. Судењата се затворени за јавноста[60]. Родителите на обвинетиот малолетник можат да присуствуваат, освен доколку судот утврди, дека нивното присуство може да има негативни ефекти врз развојот на малолетникот[61]. Претставникот од ЦСР, исто така, има право да присуствува во текот на постапката и да дава информации во однос на карактерот и животните услови на обвинетиот малолетник, како и да дава предлози насочени кон носење на праведна пресуда[62].

Пресудата е во форма на решение, во случај на изрека на воспитни мерки, или во форма на пресуда. Решенијата, со кои се изрекуваат воспитни мерки, не содржат одлука за вината[63]. Жалба против пресудата и казната може да изјави самиот малолетник или, дури и без согласност на малолетникот, неговиот бранител, еден од родителите, брачен или вонбрачен партнер и/или брат или сестра[64].

### 4.4.4. Улога на бранителот при правно застапување и помош во текот на судскиот процес

Адвокатите, кои се назначуваат по службена должност, како бранители на малолетните обвинети лица, кога не е најмен приватен адвокат, мораат да бидат специјализирани, согласно Законот за малолетничка правда[65]. Адвокатската комора има организирано обука и регистрирано околу 300 адвокати, кои се квалификувани да застапуваат малолетни обвинети лица.

Со малолетниците задржани од полицијата не смее да се водат разговори без присуство на бранител[66]. За време на подготвителната постапка, бранителот на обвинетиот малолетник, мора да биде присутен за време на сите процесни дејствија, на

---

[59] Исто
[60] Исто, член 84
[61] Закон за малолетничка правда, член 85
[62] Исто, член 90
[63] Исто, член 121
[64] Исто, член 124
[65] Исто, член 94
[66] Исто, член 109

кои е присутен и обвинителот, освен доколку спротивното биде одобрено од судијата[67]. Присуството на бранител е задолжително во текот на главниот претрес[68]. (Присуството на адвокат е задолжително и за време на постапката, која се води пред ЦСР).

Системот се наоѓаше во состојба на криза, затоа што законот не утврдува, кој е должен да ги надомести трошоците и наградите на адвокатите, кои ги застапуваат осомничените малолетници за време на нивното испитување, или во текот на постапката пред ЦСР. (Судовите исплаќаат надоместоци по судска тарифа, во износ од 25 или 30 евра за секое појавување на рочиште). По стапувањето во сила на Законот за малолетничка правда, специјализираните адвокати ги давале своите услуги во првите шест месеци, по што престанале, зашто не им биле исплатени надоместоците. Според информациите, почнувајќи од почетокот на 2010 година, полицијата повеќе не ја известува Адвокатската комора кога некое малолетно лице е задржано во притвор.

## 5. Глава: УЛОГА НА БРАНИТЕЛОТ НА МАЛОЛЕТНИЦИ ПРИ ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СЛУЧАИ

Децата на возраст под 14 години, кои извршиле кривично дело, се сметаат како „деца во ризик" и тие не можат кривично да се гонат и казнуваат[69]. Членот 9 од Законот за малолетничка правда, ја содржи неопходната претпоставка за вонсудско решавање на предметите[70]: "... надлежните органи и служби, по правило, не поведуваат судска постапка за да се избегне штетното влијание врз малолетникот, освен ако личните својства на малолетникот и околностите под кои е сторено дејствието, не укажуваат на потребата од водење на судска постапка".

Членот 9 пропишува и дека малолетните лица нема кривично да се гонат освен доколку за делото за кое се обвинети, е предвидена казна затвор од три години или потешка казна или во случај, кога целта на малолетничката правда не може да се постигне, без постапка против нив.

[67] Исто, член 117
[68] Закон за малолетничка правда, член 118
[69] Исто, членови 80 и 13 .
[70] Закон за малолетничка правда, член 9, став 2

Препораката бр. Р (99)19, наместо ресторативна правда го употебува терминот медијација во кривичите работи. Законот за малолетничка правда прави разлика меѓу постапката за посредување која се применува од центарот за социјална работа, постапката за посредување и порамнување од страна на јавниот обвинител и постапка за медијација. Постапката за медијација е регулирана со Законот за медијација.

## 5.1. Улога на бранителот на малолетници во текот на постапката за посредување пред ЦСР

Законот за малолетничка правда ги обврзува ЦСР да воспостават специјализирани тимови за исполнување на нивните функции, предвидени со Закон. [71]

ЦСР поведува постапка од доверлив карактер за што донесува посебен акт во форма на одлука од стручен тим за поведување постапка за мерки на помош и заштита со доверлив карактер. Како прво дејствие што се презема по одлуката да се отпочне доверливата постапка е разговор со детето, помладиот односно постариот малолетник во ризик и неговото семејство во рок не подолг од 7 дена од прием на известувањето односно 24 часа во случаи кои не трпат одлагање односно ЦСР ќе ги оцени како итни и неодложни. Разговорот го води претставник од стручен тим или стручен тим составен од педагог, социјален работник, психолог и дипломиран правник.

На разговорот задолжително присуствува адвокатот којшто има една и единствена задача - заштита на интересите на детето односно малолетникот во текот на постапката. Адвокатот го избира семејството, а доколку семејството не одбере адвокат, него го определува ЦСР по службена должност. Во однос на прашањето за избор на адвокатот, ЦСР адвокатот мора да го избере од листата составена од Адвокатската комора на Република Македонија на која се наведени имињата на адвокатите кои имаат поминато почетна и напредна обука за малолетничка правда. Заслужува интерес прашањето за континуитет во ангажирање на ист адвокат во полицијата и кај ЦСР. Корисно би било за малолетникот доколку во ЦСР се повика истиот адвокат кој бил повикан во полицијата имајќи го предвид фактот дека тој е веќе запознаен со личноста на малолетникот, со

[71] Исто, член 26

семејната атмосфера во која тој живее, со проблемите кои довеле до однесување кое содржи во себе ризик и сл. и ќе може поактивно да учествува во разговорот пред стручниот тим во ЦСР. Во однос на избор на адвокатот од страна на семејството, треба да им се укаже на значењето да изберат адвокат од листата на адвокати специјализирани за малолетничката правда, но не може да им се забрани избор на адвокат кој не е на листата, со сиот ризик што таквата одлука со себе ја носи. Раководејќи се од најдобриот интерес на детето, изборот на адвокатот има смисла и е во духот на законот само ако е тој избран од листата на адвокати обучени за малолетничката правда.

Улогата на адвокатот е активно да ги штити интересите на детето односно малолетникот во текот на постапката пред ЦСР која подразбира неколку аспекти[72]:

- навремено и целосно запознавање со содржината на известувањето доставено до ЦСР непосредно пред започнување на разговорот што стручниот тим мора да му го овозможи, имајќи ја предвид неможноста (поради кратките рокови) известувањето да му се достави со поканата за разговор и со оглед на фактот што честопати во практиката адвокатот се повикува телефонски,
- активно да учествува со свои прашања и коментари во текот на разговорот со цел за заштита на интересите на малолетникот,
- да го потпише записникот за спроведениот разговор со можност за ставање забелешки на неговата содржина и
- изготвување навремено и правилно структурирано правно мислење.

Главна задача на адвокатот по спроведениот разговор е да изготви правно мислење. Законот е недоречен во однос на содржината на правното мислење што во краткотрајната негова примена предизвика потешкотии во толкувањето на овие одредби во практиката и невоедначена практика во различни ЦСР. Малку зачудува зошто законодавецот користи термин „правно мислење“ кога е јасно дека адвокатот како правник и не е обучен да дава било какво друго освен „правно“ мислење. Недостаток на законот е и што не ја пропишува структурата на правното мислење. Поаѓајќи од суштината

[72] Лажетиќ-Бужаровска Г., Мишевска-Пејовиќ С., Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничка правда, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, во Зборник на трудови Малоленичка правда – Ресторативна правда, 146

на улогата што адвокатот ја има во постапката пред ЦСР, се чини дека правното мислење мора да ги содржи следниве елементи[73]:

а) осврт врз известувањето - врз фактите содржани во него како опис на настанот за кој се води постапката,

б) осврт врз постапката што се спровела пред ЦСР - во однос на можноста тој активно да учествува во неа, активно учество на детето во разговорот односно дали тој бил активен или разговорот се одвивал помеѓу возрасните, а детето, иако присутно, било целосно исклучено, што е непрепорачливо, осврт врз ставот на тимот, начинот на поставување на прашањата, дали и во колкава мерка се водела сметка за реакциите на детето, дали се вложиле доволно напори тоа да сфати што сторило, дали се поттикнала неговата партиципативност, дали детето имало можност да ги изнесе своите видувања на целата случка, да ги наведе причините, да каже што го навело на таквото однесување, дали имало случувања кои претходеле на целиот настан, дали настанот е резултат на бес и незадоволство од страна на детето или е резултат на напластени фрустрации, незадоволство поради некои претходни случувања кои не биле разрешени на најсоодветен начин каква била улогата на родигелите и сл.,

в) мислење дали има потребата од натамошна реакција - раководејќи се од околностите на случајот и личноста на детето односно малолетникот адвокатот да го изнесе своето убедување дали изготвување Програма за мерки на помош и заштита е во интерес на детето и неговото подоцнежно законито однесување или целиот настан е само инцидентно однесување и не дава основ за натамошно иосталување. Имено, од адвокатот не смее да се бара да предлага конкретни мерки на помош и заштита (иако во практиката на некои ЦСР токму ова се барало од адвокатот). Ставот на ЦСР и на адвокатот треба да се усогласат од аспект на потребата да се преземат мерки или не, а не од аспект на конкретните мерки. Стручниот тим на ЦСР е тој којшто мора да ја определи содржината на мерките за помош и заштита и ваквата негова улога не може да ја супституира адвокатот.

[73] Лажетиќ-Бужаровска Г., Мишевска-Пејовиќ С., Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничка правда, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, во Зборник на трудови Малоленичка правда – Ресторативна правда, 146

Адвокатот е должен да даде правно мислење во писмена форма во рок од 7 дена од разговорот со стручниот тим. Ако стручниот тим не го прифати мислењето на адвокатот или адвокатот не го даде мислењето во предвидениот рок ЦСР е должен во рок од 7 дена од неговото доставување да побара од надлежниот судија за малолетници да донесе одлука за натамошно постапување на центарот. Ако адвокатот да не го даде мислењето во предвидениот рок, судот за тоа ќе ја извести АКРМ откако претходно ЦСР ќе се обрати до судијата за малолетници со цел да добие насоки за натамошното постапување.

Прашање кое се заканува да ја блокира примената на законот во однос на постапувањето на адвокатот пред полицијата и пред ЦСР е прашањето за надоместокот на адвокатот за пружената правна помош и учество во постапувањето. Законот за малолетничка правда е дециден дека правната помош за детето, односно помладиот или постариот малолетник во ризик е бесплатна. Погрешно е оваа одредба да се толкува како ослободување на органите (МВР и ЦСР) од обезбедување надомест за адвокатот за правната помош пред обата органи и изготвеното правно мислење за постапката пред ЦСР. Нужно е Миниетерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи да изградат взаемно прифатливи критериуми за надомест на адвокатот. Заклучокот е дека, правната помош не е бесплатна во однос на органите кои се инволвирани во постапувањето.

## 5.2. Улога на бранителот на малолетници во постапка за посредување и порамнување

Според Законот за малолетничка правда чл. 68-71 по пријава за кривично дело сторено од малолетник, за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години, надлежниот јавен обвинител, меѓу другите можни решенија, може да одлучи да не поведе постапка доколку врз основа на извештајот добиен од ЦСР утврди дека е постигната спогодба меѓу малолетникот и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици поради што не би било праведно иницирање судска постапка.

Најважна карактеристика на постапката за посредување и порамнување што дава белег на ресторативност е потребата да се обезбеди согласност од сите засегнати страни (малолетник, родител/старател, бранител, оштетен и ЦСР.

# II ДЕЛ: МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Глава: СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

Во табелата 1 е прикажан бројот на пријавени дева според кривичното дело, видот на одлуката и полот за 2015 и 2016 година.

**Т-1: Пријавени деца според кривичното дело и видот на одлуката во 2015 и 2016 година**

| | Вкупно | | Поднесен предлог за изречување казна - мерка | | Постапката не е поведена | | Подготви-телната постапка е запрена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 |
| Вкупно | 772 | 583 | 503 | 379 | 166 | 122 | 103 | 86 |
| Кривични дела против животот и телото | 68 | 53 | 56 | 45 | 7 | 2 | 5 | 6 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 3 | 11 | 1 | 10 | 2 | 1 | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 19 | 4 | 15 | 4 | 3 | - | 1 | - |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 20 | 7 | 13 | 4 | 6 | 3 | 1 | - |
| Кривични дела против имотот | 520 | 399 | 308 | 239 | 129 | 95 | 83 | 65 |
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 2 | 5 | 2 | 4 | - | 1 | - | - |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 33 | 25 | 17 | 19 | 14 | 5 | 2 | 1 |
| Кривични дела против правосудството | 1 | 3 | 1 | 3 | - | - | - | - |
| Кривични дела против јавниот ред | 100 | 66 | 87 | 42 | 4 | 12 | 9 | 12 |
| Останати кривични дела | 5 | 7 | 2 | 8 | | 2 | | - |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk

Според податоците од Државен завод за статистика во текот на 2015 година биле пријавени вкупно 772 деца, од кои 32 (4,14%) биле женски. За 503 деца (65%) од вкупно пријавените, бил поднесен предлог за изречување казна – мерка. За 166 деца (21,5%) постапката не е поведена, а во 103 случаи (13,5%) подготвителната постапка е запрена.

Се забележува дека вкупниот број на пријавени деца е намален за 24%. Најголем број од пријавените деца се извршители на кривични дела против имотот 67%, од кој 72% се тешки кражи. Потоа се кривичните дела против јавниот ред и мир со 12% и кривичните дела против имотот и телото со 8%, а најзастапени во оваа група се тешките телесни повреди. Загрижува фактот што во 2015 година се случиле и 6 убиства извршени од малолетни лица.

Во табелата 2 е прикажан бројот на обвинети деца во периодот од 2006 до 2016 год.

**Т-2: Обвинети деца според групите на кривични дела**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Обвинети деца** | **987** | **839** | **981** | **1 030** | **750** | **1 002** | **778** | **657** | **712** | **465** | **468** |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk




**График бр.1.** Графички приказ на бројот на обвинети деца во периодот 2006-2016 г.

Од табелата и графикот се гледа дека бројот на обвинети деца во последните години е значително намален.

Во табелата 3 е прикажан бројот на осудени деца во периодот 2006-2016 година.

**Т-3: Осудени деца според групите на кривични дела**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **844** | **676** | **715** | **748** | **547** | **722** | **556** | **473** | **461** | **348** | **349** |
| Кривични дела против животот и телото | 54 | 49 | 44 | 49 | 59 | 79 | 43 | 39 | 47 | 43 | 54 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 1 | - | 2 | 4 | 1 | 5 | 1 | 5 | - | 2 | 5 |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | - | 1 | - | 2 | - | - | - | 1 | 2 |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 13 | 11 | 16 | 14 | 7 | 12 | 8 | 5 | 14 | 13 | 6 |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 9 | 5 | 5 | 6 | 7 | 15 | 7 | 12 | 4 | 7 | 12 |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | 2 | - | - | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | - |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 5 | 9 | 6 | 4 | 13 | 7 | 9 | 3 | 3 | 5 | 1 |
| Кривични дела против имотот | 672 | 537 | 529 | 547 | 403 | 513 | 409 | 353 | 267 | 198 | 177 |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | 7 | 7 | 2 | 1 | 6 | 4 | 4 | 6 | 2 | 3 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 35 | 22 | 50 | 46 | 35 | 39 | 26 | 24 | 14 | 28 | 2 |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 5 | 5 | 37 | 20 | 1 | 1 | 1 | - | - | 1 | 1 |
| Кривични дела против јавниот ред | 40 | 24 | 16 | 45 | 16 | 35 | 43 | 25 | 100 | 42 | 65 |
| Останати кривични дела | 4 | 5 | 3 | 10 | 3 | 7 | 5 | 2 | 5 | 6 | |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk

Во табелата 4 е прикажан бројот на осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции

**Т-4: Осудени деца од 14 до 16 години во судир со закон според изречените кривични санкции**

| | | Деца во судир со закон од 14 до 16 години | | |
|---|---|---|---|---|
| Година | вкупно | дисциплински мерки | мерки на засилен надзор | заводски мерки |
| 2013 | 123 | 17 | 100 | 6 |
| 2014 | 107 | 11 | 87 | 9 |
| 2015 | 73 | 14 | 56 | 3 |
| 2016 | 119 | 11 | 100 | 8 |

**Извор:** http://www.stat.gov.mk




**График бр.2.** Графички приказ на бројот на осудени деца од 14 до 16 години според изречените кривични санкции

Кај децата од 14 до 16 година се изречени вкупно 123 воспитни мерки, од кои најчеста мерка е засилен надзор.

**Т-5: Осудени деца од 16 до 18 години во судир со закон според изречените кривични санкции**

| | | Деца во судир со закон од 16 до 18 години | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Воспитни мерки | | |
| Година | Вкупно | Малолетнички затвор | дисциплински мерки | мерки на засилен надзор | заводски мерки |
| 2013 | 350 | - | 63 | 281 | 6 |
| 2014 | 354 | 3 | 52 | 283 | 16 |
| 2015 | 275 | 8 | 65 | 194 | 8 |
| 2016 | 349 | 4 | 34 | 309 | 2 |




**График бр.3.** Графички приказ на бројот на осудени деца од 16 до 18 години според изречените кривични санкции

Бројот на постари малолетници кои се на возраст од 16 до 18 години, а кои дошле во судир со законот подлежат и на осудување со малолетнички затвор. Во текот на 2014 година 3 деца биле осудени на казна до 2 години. Во 2015 година 8 постари полнолетници биле осудени на малолетнички затвор, од нив 1 бил осуден од 2 до 3 години, а 7 биле осудени на казна затвор помала од 2 години. Во текот на 2016 година има 4 постари малолетници осудени со казна малолетнички затвор, од нив 1 е осуден на казна затвор од 8 до 10 години, а додека останатите 3 на казна до 2 години.

Кај најголем број на постари полнолетници е изречена воспитна мерка засилен надзор.

## 2. Глава: ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОЈАВАТА, ПРОБЛЕМОТ И ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во магистерскиот труд **појавата** која се истражува е улогата на бранителот во кривичната постапка кон малолетници и изнаоѓање на најсоодветно решение кое ќе

овозможи нормален понатамошен развој на малолетното лице. Врз основа на современите научни сознанија од областа на криминологијата, кривично-правните науки, и педагошко-психолошките науки за малолетниците и нивниот третман се конституира посебно малолетничко казнено право. Со тоа се унапреди односот на државата и општеството спрема категоријата малолетници и помлади полнолетници. Со конституирањето на малолетничкото казнено право престанува малолетникот да се третира како "мал човек", односно "мал човек криминалец" туку како малолетник на кого треба да му се пружи посебна индивидуална и општа општествена заштита.

Токму затоа новиот модел на малолетничка правда, денес подразбира постоење на ресторативна правда. **Проблемот** кој се истражува во оваа магистерска работа е неинформираноста на малолентиците за нивното право на бранител од страна на полицијата пти нивното приведување. Иако законски постои задолжително присуство на бранител, поради нерешените односи во однос на надоместокот кој треба да го прими бранителот, истиот не се појавуава на сослушувањето во полиција.

Оттука, **предметот** на ова истражување е насочен кон начинот на кој треба да се постапи со малолетниците кои сториле кривични дела и улогата која ја има бранителот во процесот на судење.

## 3. Глава: ХИПОТЕЗИ

Генералната хипотеза на истражувањето во овој труд поаѓа од фактот дека доколку постојат бранители на малолетници кои посетуваат специјализирани обуки во поглед на ресторативната правда, тогаш истите ќе обезбедат примена на алтернативните мерки за условна осуда наместо казнување со малолетнички затвор.

Посебни хипотези:

- Доколку бранителите посетуваат специјализирани обуки, тогаш ќе можат да обезбедат соодветна правна помош на молетниците.

- Доколку бранителот учествува во истражните дејствија кои ги презема обвинителството и доколку може да оствари увид во списите на обвинителството во рана фаза на постапката, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува во текот на информативниот разговорот во полиција, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува на седницата за Советот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува во поттикнување на процесот на спогодување и медијација помеѓу малолетниот сторител и жртвата/оштетениот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува во разговорот на малолетникот во Центарот за социјална работа, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува во обезбедување на општокорисна работа на малолетникот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку бранителот учествува во обезбедување на условна осуда со заштитен надзор како алтернативна мерка во системот за малолетничка правда, тогаш ќе може на најдобар начин да му помогне на клиентот-малолетник.
- Доколку во текот на постапката може да се обезбеди истиот бранител да го застапува малолетникот и во центарот за социјална работа и пред судот за малолетници, тогаш ќе може да се најде најдобро решение за клиентот-малолетник.

## 4. Глава: МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА РАБОТА

Методи кои се користени во ова истражување се следните: методот на теориска анлиза, истражувачки метод, метод на набљудување и компаративен метод.

За добивање на потребните информации се употребени следните техники: анализа на документација (анализа на содржина на припачници од Министерството за внатрешни работи, статистичко мерење на порастот на криминалитетот кај малолетниците, законска регулатива и друга стручна литература) и анкетирање на случајно избрани малолетните деликвенти од казнено-поправните домови во Р.Македонија и неколку случајно избрани бранители на малолетници. Додека пак, за да се обезбеди идентификација, собирање и мерење на објективните, реално постојните, утврдени факти се користи анкетен лист со прашања за кои е потребно дополнување или заокружување на одговорот на кој одговараат бранителите и малолетниците.

По непосредното собирање на податоците направена е нивна обработка и средување. Оваа фаза од истражувањето генерално се состои од: правење преглед, листа на податоци; техничка обработка на податоците; табелирање, изработка на графикони и квалитативна интерпретација на квантитативно добиените податоци.

# III ДЕЛ – ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Глава: КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

На прашалникот за бранители одговараа 30 бранители избрани од листата на бранители. На графичките прикази кои следат се прикажани нивните одговори на анкетниот прашалник.




**График бр.4.** Графички приказ на зачестеноста на посетување специјализирани обуки од страна на бранителите на малолетни лица

Најголем дел од нив 21 (70%) специјализирани обуки посетуваат еднаш годишно, 3 (10%) на специјализирани обуки одат повеќе пати годишно, останатите 5 (16,67%) во последните неколку години на специјализирана обука биле само еднаш, а само 1 (3,33%) не посетувал таква обука.




**График бр.5.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите во истражните дејства кои ги презема обвинителството

Второто прашање кое се однесува на учеството на бранителот на малолетници во истражните дејствија кои ги презема обвинителството, укажува на фактот дека бројот на браниели кои често учествуваат во истражните дејствија е многу мал 9 (30%), секогаш учествувале само 2 (6,67%), Најголем број одговориле дека ретко учествуваат во истражните дејства 15 (50%) и 4 (13,33%) никогаш не учествувале во истражните дејствија.




**График бр.6.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите во информативниот разговор во полиција

На прашањето колку често учествувате во информативниот разговор во полиција, потврдно одговориле 26 бранители. Од нив 6 (30%) секогаш кога застапуваат малолетник учествуваат во информативниот разговор во полиција, 14 (46,67%) често учествуваат во информативниот разговор, 6(20%) ретко, додека 4 (13,37%) бранители никогаш не учествувале во информативниот разговор.




**График бр.7.** Графички приказ на процентуалната застапеност на учеството на бранителите на седницата на Советот

Поголем процент од бранителите земаат учество на седницата на Советот. 11 (36,67%) во сите случаи кои ги застапувале биле присутни на седницата, 12 (40%) често учествуваат на седницата на Советот, 6 (20%) ретко учествуваат на седницата на Советот, а само 1 (3,33%) нема земено учество на седницата на Советот.




**График бр.8.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите во постапката за медијација

Предлог за постапка за медијација бранителите даваат често 14 (46,67%), секогаш 8 (26,67%), ретко 4 (13,33%) и никогаш 4 (13,33%).




**График бр.9.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите во центарот за социјални работи

Што се однесува до учеството на бранителот во застапување на малалоелтникот пред Центарот за социјална работа, само 7 (23%) секогаш кога се повикани учествуваат во

разговорот, 9 (30%) често учествуваат во постапката пред ЦСР. Загришува фактот што висок процент на бранители многу ретко се појавуваат во постапката пред ЦСР.




**График бр.10.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите во обезбедување на општо корисна работа за малолетникот

Најголем процент од бранителите 12 (40%) секогаш се залагаат да обезбедат општокорисна работа за малолтникот. 8 (27%) често обезбедуваат општокорисна работа, а додека 9 (30%) ретко.




**График бр.11.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите при обезбедување услова осуда со заштитен надзор како алтернативна мерка

Најголем процент од бранителите 16 (53%) често обезбедуваат заштитен надзор како алтернативна мерка, наместо воспитно-поправна установа или малолетнички затвор. 8 (27%) секогаш обезбедат алтернативна мерка заштитен надзор. Останатите 4 (13%) ретко кога имаат обезбедено алтернативна мерка заштитен надзор, а 2 (7%) никогаш.




**График бр.12.** Графички приказ на процентуалната застапеност на бранителите при застапување на малолетници во ЦСР и во судски процес

Истиот бранител секогаш (50%) го застапува малолетниот сторител на кривично дело и пред ЦСР и пред судот, односно на главниот претрес. Со тоа тој е детално запознаен со судскиот процес и целокупниот случај и така може да обезбеди најдобро можно решение за малолетниците.




**График бр.13.** Графички приказ на процентот за начинот на подмирување на паричниот надоместок за бранење на малолтникот

## 2. Глава: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

24 (80%) од бранителите учествуваат барем еднаш годишно на специјализирани обуки за бранење на малолетници. Тоа е законска обврска на бранителите доколку сакаат да застапуваат малолетници. Со тоа што поголем процент од бранителите 16 (53%) често обезбедуваат заштитен надзор како алтернативна мерка, а додека 8 (27%) секогаш обезбедат алтернативна мерка заштитен надзор наместо воспитно-поправна установа или малолетнички затвор, **првата посебна хипотеза делумно се потврдува**: доколку бранителите посетуваат специјализирани обуки, тогаш ќе можат да обезбедат соодветна правна помош на молетниците. Односно, и покрај тоа што бранителите редовно посетуваат специјализирани обуки, тие не секогаш можат да издејствуваат алтернативна мерка наместо малолетнички затвор или заводски мерки. Се уште бројот на малолетници кои се казнуваат со малолетнички затвор или вазодски мерки е многу голем.

Втората хипотеза се однесува на учеството на бранителот на малолетници во истражните дејствија кои ги презема обвинителството. Во однос на ова прашање резултатите од истражувањето покажуваат дека бројот на брaниели кои често учествуваат во истражните дејствија е многу мал 9 (30%), секогаш учествувале само 2 (6,67%). Значи, од овие резултати може да се забележи и причината зошто толку голем број на малолетни лица се казнуваат со малолетнички затвор и заводски мерки. Со ова, **се потврдува втората хипотеза**: доколку бранителот учествува во истражните дејствија кои ги презема обвинителството и доколку може да оствари увид во списите на обвинителството во рана фаза на постапката, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Односно, доколку бранителите би имале поголем и почест увид во списите на јавното обвинителство во почетокот на спорот, тогаш и бројот на малолетници кои би биле најстрого казнети би се намалил.

При лишување од слобода на малолетно лице, Министерството за внатрешни работи како институција има исклучително важна улога во примената на Законот за малолетничка правда. Истата, претставува влезна скала во казненоправниот систем,

чијашто работа и ефикасност зависи и од тоа колку  и како полицијата ќе го обезбеди осомничениот и доказниот материјал. Исто како и бранителите, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, според член 94 од Законот за малолетничка деликвенција, имаат законска обврска за посетување на специјализирана обука со времетраење од четири до десет дена, еднаш годишно. Службениците од министерството за внатрешни работи задолжително го известуваат Јавното обвинителство и Центарот за социјална работа, кој обезбедува адвокат од листата со адвокати. Но, во последно време, присуството на бранител на малолетникот во просториите на Министерството за внатрешни работи е многу помало во споредба со изминатите години. Тоа се гледа и од резултатите од истражувањето, каде само 6 (30%) бранители секогаш кога застапуваат малолетник присуствуваат во информативниот разговор во полиција, а 14 (46,67%) често учествуваат во информативниот разговор. Со ова **се потврдува третата посебна хипотеза**: доколку бранителот учествува во текот на информативниот разговорот во полиција, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Односно, статистичките податоци превземени од Државниот завод за статистика се гледа дека бројот на малолетници казнети со малолетнички затвор и во пораст, од тука се гледа важноста на учеството на бранителот во текот на информативниот разговор во полиција.

По приемот на јавниот обвинител, како и кога постапката кон малолетник се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за малолетници кој претседава со советот за малолетници закажува седница. Казните и заводските мерки како најстрога казна може да се изречат само на главен претрес, додека на советот може да се изречат алтернативни санкции. За седницата на советот се известуваат и на неа може да присуствуваат бранителите. Според резултатите поголем процент од бранителите земаат учество на седницата на Советот. 11 (36,67%) во сите случаи кои ги застапувале биле присутни на седницата, 12 (40%) често учествуваат на седницата на Советот. Со ова **се потврдува четвртата посебна хипотеза**: доколку бранителот учествува на седницата за Советот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Односно, од статистичките податоци може да се забележи дека постои доста голем број на изречени воспитни мерки, посебно мерки на засилен надзор и дисциплински мерки.

Медијацијата како постапка за посредување и порамнување наоѓа посебно место во Законот за малолетничка правда. Интегративниот модел на мадијација е присутен во нашиот систем за малолетничка правда. Законските услови кои треба да се испулнуваат за упатување на малолетниот сторител на медијација се: соодветност на случајот, т.е да се работи за прекршок или за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 5 години и доброволно учество на страните изразено преку писмена согласност од малолетниот сторител, бранителот и оштениот. Спогодбата за изготвуваат страните (жртвата и сторителот), или по нивно брање ја изготвува медијаторот, а ја потпишуваат страните. Таа се состои во надомест на материјалната штета и морална сатисфакција. Доколку страните ја прифатат спогодбата, судската постапка се запира со решение. Според резултатите од истражување се гледа дека предлог за постапка за медијација бранителите даваат често 14 (46,67%) и секогаш 8 (26,67%). Со тоа **делумно се потврдува петтата хипотеза**: доколку бранителот учествува во поттикнување на процесот на спогодување и медијација помеѓу малолетниот сторител и жртвата/оштетениот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Тоа го потврдуваат статистичките податоци кои покажуваат 14% на запрена судска постапка во текот на 2016 година. Односно, и покрај тоа што бранителите инсистираат на постапка за медијација, таа не завршува со успех во повеќето случаи. За неуспехот на постапката за медијација важно прашање е подмирувањето на трошоците на медијаторот, односно таа не е бесплатна. Па така, потребно е страните да се договорат за надоместокот на трошоците, а доколку страните не ја почитуваат својата обврска, медијаторот има право со изјава да се откаже од водење на постапката.

Ресторативните карактеристики на постапката за мерки на помош и заштита се гледаат во можноста за обештетување преку центарот за социјална работа. Во текот на разговорот помеѓу малолетниот сторител и ЦСР, присуството на бранител е законски задлжително. Но, примената на законот е блокирана во однос на постапувањето на бранителот пред полицијата и ЦСР со прашањето за надоместокот на трошоците на бранителот. Законот предвидува бесплатна помош за малолетниот сторител и економската состојба на семејството на детето односно малолетникот е ирелевантна за

негово обезбедување. Така, погрешно е толкувањето како ослободување на органите (МВР и ЦСР) од обезбедување надомест за бранителот за правната помош. Според резултатите од истражувањето само 7 (23%) секогаш кога се повикани учествуваат во разговорот, 9 (30%) често учествуваат во постапката пред ЦСР. Загришува фактот што висок процент на бранители многу ретко се појавуваат во постапката пред ЦСР. Од тука, **се потврдува шестата посебна хипотеза**: доколку бранителот учествува во разговорот на малолетникот во Центарот за социјална работа, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Фактот што, многу мал процент од бранителите учествуваат во постапката пред ЦСР, укажува на зголемениот број на малолетници на кои им е изречена санкција и казна малолетнички затвор или заводска мерка.

Кога веќе бранителите земаат учество во постапката пред ЦСР, истите во најголем процент 12 (40%) секогаш се залагаат да обезбедат општокорисна работа за малолтникот. 8 (27%) често обезбедуваат општокорисна работа, а додека 9 (30%) ретко. Хуманизацијата во казнувањето, односно казнување без изолирање е идеја која доведе до појава на алтернативните мерки за полесните кривични дела. Од резлтатите добиени од истражувањето **се потврдува седмата посебна хипотеза**: доколку бранителот учествува во обезбедување на општокорисна работа на малолетникот, тогаш ќе може на најдобар начин да му се помогне на клиентот-малолетник. Општокорисната работа им помага на малолетниците да се намали стигматизацијата и да се овозможи побрза ресоцијализација, соодветна сатисфакција на жртвата, намалување на товарот на државата во поглед на заворите и вклучување во локалната заедница во казнувањето. Но, сепак треба да се разбере фактот дека со тоа треба да се ограничи примената на мерката затвор, а не да се доведе до суспензија на казненото право. Успешноста на оваа мерка зависи од кординацијата и синхронизацијата на спорабoтката помеѓу судијата за малолетници, Одделението за спроведување на алтернативни мерки во рамките на Управата за извршување на санции, Центарот за социјална работа и локалната заедница.

Условната осуда со заштитен надзор е варијанта која не е нова во нашето законодавство. Како варијанта постоела уште од 1977 година. Законот за малолетничка правда во член 53 ја прифаќа условната осуда со заштитен надзор како алтернативна

мерка, а целта е ресоцијализација со мерки на помош, грижа, надзор и заштита, а нејзината содржина се состои од обврски кои треба да ги исполни осудениот во период на проверување. Како услов за изрекување на условна осуда со заштитен надзор може да се изрече кога на малолетниот сторител му е утврдена казна затвор до три години или парична казна. Од резултатите добиени со истражувањето се гледа дека најголем процент од бранителите 16 (53%) често обезбедуваат условна осуда со заштитен надзор како алтернативна мерка, наместо воспитно-поправна установа или малолетнички затвор. 8 (27%) секогаш обезбедат алтернативна мерка заштитен надзор. Со тоа **се потврдува осмата посебна хипотеза**: доколку бранителот учествува во обезбедување на условна осуда со заштитен надзор како алтернативна мерка во системот за малолетничка правда, тогаш ќе може на најдобар начин да му помогне на клиентот-малолетник. Исто така, и статистичките податоци покажуваат на голема примена на ваквата мерка, односно од 349 осудени постари малолетници во 2016 година, на 309 (88,5%) бранителот им издејствувал да добијат условна осуда со заштитен надзор. Кај помладите малолетници тој процент изнесува 84%.

Висок е процентот на бранители кои секогаш (50%) и често (20%) учествуваат и во ЦСР и пред судот во текот на постапката. Тоа овозможува на малолетникот да му се обезбеди најдобро бранење и бранителот да издејствува полесна алтернативна мерка. Со тоа **се потврдува** последната, **деветта хипотеза**: доколку во текот на постапката може да се обезбеди истиот бранител да го застапува малолетникот и во центарот за социјална работа и пред судот за малолетници, тогаш ќе може да се најде најдобро решение за клиентот-малолетник.

Сумирајќи ги резултатите од истражувањето, разгледувајќи ги статистичките податоци од Државниот завод за статистика, лесно може да се дојде до конечниот заклучок кој се однесува на главната хипотеза: доколку постојат бранители на малолетници кои посетуваат специјализирани обуки во поглед на ресторативната правда, тогаш истите ќе обезбедат примена на алтернативните мерки за условна осуда наместо казнување со малолетнички затвор. Со потврдување на посебните хипотези, **СЕ ПОТВРДУВА главната хипотеза**. Значи, бранителите редовно посетуваат обуки и на

најдобар начин ги застапуваат малолетните лица обезбедувајќи им полесни алтернативни мерки, наместо струги санкции и казни на изолација во малолетнички затвор или завод. Но сепак, бранителите многу ретко се појавуваат во текот на разговорите на малолетниците пред полиција и ЦСР. За тоа е виновно непостоењето на решение околу надоместокот на бранителот. Така, како конечен заклучок може да се каже, дека доколку бранителите се редовно и соодветно платени за застапување на малолетните сторители на кривични дела, тогаш ресторативната правда која овозможува намалување на повратништвото и подобра ресоцијализација уште повеќ би се подобрила и бројот на малолетници кои се осудуваат со малолетнички затвор и заводски мерки би се свeдил на минимум.

Во текот на истражувањето се дојде до проблем за анкетно истражување на малолетниците кои се казнети со малолетнички затвор или заводски мерки, но затоа се направи разговор со две малолети лица кои се под засилен надзор на центарот во времетраење од десет месеци. Двете лица се жители на  Домот за малолетници и истите сториле кривично дело против јавниот ред и мир. Кога биле приведени во полициската станица, од страна на службеникот биле известени Домот, Јавното обвинителство, ЦСР при што бил повикан бранител кој се појавил при информативниот разговор во полиција. Истиот бранител присуствувал на разговорот во ЦСР и на седницата на советот, при што бидејќи двајцата се помлади малолетници, кои никогаш претходно не биле во судир со законот, бранителот  успеал да издејствува воспитна мерка на засилен надзор од страна на центарот.

# ЗАКЛУЧОК

Развојот на меѓународното право за човековите права значително влијаеше врз нашето законодавство, а казнената постапка се менуваше за да се усогласи со меѓународните норми за човекови права. Европската конвенција за човекови права изврши особено големо влијание врз правото и врз практиката и беше еден од главните двигатели на реформите на казнената постапка

Единствениот модел за соочување со малолетничката деликвенција е заедницата јасно да донесе одлука дека политиката и мерките за соочување со малолетничката деликвенција ќе бидат постојани и притоа постојано ќе се воведуваат нови покреативни солуции за соочување со малолетничката деликвенција. Европските искуства покажуваат дека петте клучни идеи кои треба да се имплементираат со цел да се редизајнира малолетничкиот правосуден систем во насока да одговори на потребите на младите лица се: 1. Превенирање децата и учениците да не се вовлечат во криминал; 2. Развивање на ресторативната правда; 3. Враќање во поранешната состојба треба да биде основа на казнувањето на малолетниците; 4. Изрекување малолетнички затвор како крајна нужда; 5. Предвидување третман за зависници и малолетни лица со неурамнотежена психа; 6. Поголемо вклучување на јавноста во малолетничкиот правосуден систем.

Промени во Законот за малолетничка правда, се:

- воведување замена за кривичното гонење, преку вонсудска постапка за разрешување на помалку сериозните случаи;
- воведување мерка за упатување во дисциплински центар за малолетници, на непрекинат престој, но не повеќе од 20 дена;
- барање за задолжително присуство на адвокат, за време на испитувањето на малолетните осомничени лица;
- медијација помеѓу жртвата и сторителот;
- ограничување на времетраењето на истражната и судската постапка;
- воведување услови, во однос на обуката на специјализираните судии, обвинители, полициски истражители, адвокати бранители и медијатори, како и задолжително

барање за воспоставување на специјализирани оддели или тимови, во рамки на Центрите за социјална работа (ЦСР) .

После извршување на кривично дело од страна на малолетник, Министерството за внатрешни работи го известува Центарот за социјални работи, кој го повикува малолетникот на разговор. Во случаите кога дејствието на детето е определено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку пет години и кога постои висок степен на ризик по оцена на центарот, на разговорот задолжително присуствува адвокат кој ги заштитува правата и интересите на детето. Адвокатот го избира семејството, а доколку не избере адвокат, него го определува центарот по службена должност од листата составена од Адвокатската комора. Доколку семејството не е во состојба да ги плати трошоците за адвокатот, согласно со Законот за социјалната заштита, правната помош за детето, односно помладиот или постариот малолетник во ризик е бесплатна. Трошоците во одредени случаи паѓаат на товар на средствата од буџетот на Министерството за труд и социјална политика и ќе се пресметуваат согласно со износите утврдени со адвокатската тарифа намалени за 30 проценти. Адвокатот трошковникот го поднесува на пропишан образец. Со решение Министерството за труд и социјална политика нема да му исплати надоместок за конкретниот случај на адвокатот ако при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа.

Во текот на судскиот процес бранителот од редот на адвокатите го именува судот по службена должност, ако самиот малолетник или неговиот законски застапник не обезбеди бранител, а во случаите кога малолетникот и неговото семејство ќе поднесат доказ дека не можат да го исплатат бранителот, трошоците на одбраната паѓаат на товар на судскиот буџет. Малолетникот може и во прекршочна постапка да се брани со помош на бранител од редот на адвокатите и ако судијата за малолетници одлучи дека тоа е неопходно.

Според Кривичниот закон, „целта на воспитните мерки и на малолетничкиот затвор е со давање заштита и помош на малолетните сторители на кривични дела, со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната

лична одговорност да се обезбеди нивното воспитување, превоспитување и правилен развој“. Значи, нивната цел не е казнување, туку воспитување и превоспитување. Со оглед на возраста на малолетниците, нивната личност сеуште не ја достигнала својата психолошка, социјална и интелектуална зрелост и според тоа процесот на социјализација не е целосно завршен. Тој се дефинира како процес на социјално учење по пат на кое единката стекнува социјално релевантни облици на однесување и се формира во личност со свои лични карактеристики што заедно во целина и овозможуваат да формира ставови и модел на однесување што е во согласност со општо прифатениот систем на вредности и норми во општеството. Неправото на казненото дело извршено од страна на малолетно лице се состои во неговата воспитната запуштеност, како дополнителен елемент на објективното битие на делото. Затоа тие треба правилно да се насочат кон остварување на позитивни промени во нивното општественото однесување, а тоа подразбира: 1. активен однос на самото лице во процесот на социјализацијата и ресоцијализацијата и 2. севкупна активност на институционализираните и вонинституционализираните субјекти кон отстранување на причините кои довеле кон криминално поведение.

Едно од основните начела, воопшто на сите казни е индивидуализација на третманот, што значи примена на мерки и активности во согласност со личните својства на секој малолетник, поединечно. Еден дел од теоријата која се занимава со изучување на пенитенцијарните установи смета дека одговорот на прашањето дали малолетното лице ќе го напушти воспитно поправниот дом/малолетничкиот затвор со оштетен или неоштетен интегритет зависи од неговиот однос со останатите малолетници кои ја издржуваат истата мерка/казна, како и од односот со стручниот персонал во установите, зашто малолетното лице со доаѓањето во домот/затворот е изложен на многубројни депривации: депривации од лишување од слобода, депривации на материјални добра, депривации на сигурноста. Влијанието на амбиентот во установата е неспорен, а дали тој ќе остави трага многу зависи од времето поминато во установата, структурата на личноста на малолетникот и како тој го доживува тој свет. Секој систем на извршување на воспитно-заводски мерки /малолетнички затвор е составен од формален и неформален систем. Формалниот систем го сочинуваат: институциите, нормите, персоналот и режимот што

владее во установата, додека неформалниот систем од друга страна го сочинуваат малолетните делинквенти и субкултурните неформални норми кои што се прифаќаат како правила на однесување меѓу самите малолетници.

Исто така, имајќи ја во предвид улогата на судијата за малолетници кој што ја изрекува казната и воспитната мерка, тој во образложението на пресудата/решението дава упатства како таа да се изврши и да се оствари нејзината цел. Затоа судијата за малолетници треба да знае КАДЕ ќе се извршува мерката/казната, НА КОЈ НАЧИН и ШТО МОЖЕ ДА СЕ ОЧЕКУВА. Негова должност е да врши надзор врз законитото постапување со малолетните деликвенти, зашто тој одлучува за нивната положба за време на издржувањето на воспитната мерка/малолетнички затвор и решава по сите прашања за нив. Од друга страна, малолетниците имаат право да побараат за дисциплинската мерка да се изјасни надлежниот суд.

Резултатите од истражувањето ја потврдија значајноста на бранителот во кривичната постапка кон малолетни сторители. Така, доколку малолетниците се застапувани од бранител кој е запознаен и има увид во списите на јавното обвинителство уште во раната фаза на случајот, истиот е присутен на разговорите во Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјална работа, тогаш на седницата на советот со сигурност ќе издејствува најлесна можна мерка за малолетникот. Во тој случај на малолетниците им се обезбедува воспитна мерка, а доколку малолетникот се казни со малолетнички затвор тогаш казната најчесто не е подолга од  2 години, а бранителот може да побара и извршување на општокорисна работа за да се избегне изолација на малолетникот, а да се овозможи ресоцијализација и да се спречи повратништво во малолетничка деликвенција.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничката правда: БЈР Македонија – зборник, (2001), Канцеларија на УНИЦЕФ – Скопје
2. Арнаудовски, Љ., Манев, П., Полицијата, јавното обвинителство, судот, адвокатурата во преткривичната постапка : (материјали за V советување на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Охрид, ноември 2000 година), Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје
3. Бачановиќ, О., Мирчева, С., (2009), Малолетничка правда : ресторативна правда : зборник на трудови, Факултет за безбедност, Скопје
4. Бачановиќ, О., Мирчева, С., (2008), Малолетничка правда : од идеја до практика : зборник на трудови, Полициска академија, Скопје
5. Бачановиќ ... и др., (2009), Малолетничка правда : компаративна анализа на системите за малолетничка правда и полициското постапување со малолетници, Факултет за безбедност, Скопје
6. Валтер, М., (2011), Малолетничка деликвенција : систематски преглед, Арс ламина, Скопје
7. Димитријовска, С., (2012), Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Филозофски факултет, Скопје
8. Димитријоска, С., (2012), Менторска програма за малолетници во конфликт со законот, Филозофски факултет, Скопје
9. Групче, А., (1962), Одговорност за штетите сторени од малолетни лица, Правен факултет, Скопје
10. Камбовски, В., (2011), Казнено право, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје
11. Камбовски, В., Велкова, Т., (2008), Малолетничка правда : документи на Обединетите нации : Закон за малолетничка правда : со коментари, 2-ри Август С, Штип

12. Матовски, Н., (1981), Улогата на бранителот во кривичната постапка, Македонска книга, Скопје

13. ОСЦЕ, (2010), Гарантирање на правото на правен советник : компаративна пракса во обезбедувањето правна помош во кривични предмети, Скопје

14. Стојановски, Т., Камбовска, М., и др. (2000), Малолетничка деликвенција : превентивен акционен план за Република Македонија, Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Кавадарци

15. Škurić M.(2003), Maloletnici kao učinioci i žrtve kriminala, Beograd

16. Закон за правда на детето “Службен весник на Република Македонија “148/2013

17. http://journal.maclc.mk/2016/18.pdf

18. http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/Kniga-9-MK.PDF

19. http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/asstip/29554dfb-27a7-442a-99fe-43019490d6d1/BiltenBr7.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L088F0A1K8MT8K0G75-29554dfb-27a7-442a-99fe-43019490d6d1-lgq4lfw

20. http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/10/Zakon-za-pravda-za-detsata-29-10-2013.pdf

21. http://www.epi.org.mk/docs/priracnik_za_obuka_na_medijatorite.pdf

22. http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=6

# ПРИЛОГ

## ПРАШАЛНИК ЗА БРАНИТЕЛИ

1. Колку посетувате специјализирани обуки за застапување на малолетници?

    а) повеќе пати годишно

    б) еднаш годишно

    в) еднаш на неколку години

    г) никогаш

2. Колку учествувате во истражните дејствија кои ги презема обвинителството?

    а) секогаш

    б ) често

    в) ретко

    г) никогаш

3. Колку учествувате во текот на информативниот разговор во полиција?

    а) секогаш

    б ) често

    в) ретко

    г) никогаш

4. Колку учествувате на седницата на Советот?

    а) секогаш

    б ) често

    в) ретко

    г) никогаш

5. Колку учествувате во процесот на медијација?

    а) секогаш

    б ) често

    в) ретко

г) никогаш

6. Колку учествувате во разговорот на малолетникот во Центарот за социјална работа?

а) секогаш

б ) често

в) ретко

г) никогаш

7. Колку учествува во обезбедување на општокорисна работа како алтернативна мерка?

а) секогаш

б ) често

в) ретко

г) никогаш

8. Колку учествувате во обезбедување на условна осуда со заштитен надзор како алтернативна мерка?

а) секогаш

б ) често

в) ретко

г) никогаш

9. Дали во случаите кога сте застапувале малолетник, истиот сте го застапувале и во центарот за социјална работа и пред судот за малолетници?

а) секогаш

б ) често

в) ретко

г) никогаш

10. Кој го подмирува паричниот надоместок за бранење на малолтникот?

а) од буџетот на Министерството за труд и социјална политика

б) од страна на родителите

в) поинаку -------------------